ООУ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
С.МИЛАДИНОВЦИ

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

АВГУСТ, 2025 ГОДИНА

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** 5

**1. Општи податоци за основното училиште** 6

1.1 Табела со општи податоци 7

1.2 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во училиштето 9

**2. Податоци за условите за работа на основното училиште** 10

2.1 Местоположба на основното училиште 10

2.2 Податоци за училишниот простор 10

2.3 Простор 11

2.4 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства" 12

2.5 Податоци за училишна библиотека 13

2.6 План за обновување и адаптација во оваа учебна година 13

**3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиштеError! Bookmark not defined.** 3.1 Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа 14

3.2 Податоци за раководните лица 18

3.3 Податоци за вработените административни службеници 18

3.4 Податоци за вработените помошно технички лица 20

3.5 Податоци за ангажираните образовни медијатори 20

3.6 Вкупно податоци за наставен и ненаставен кадар 21

3.7 Вкупно податоци за степен на образование на вработените 21

3.8 Вкупно податоци за староснa структура на вработените 22

3.9 Податоци за учениците во основното училиште 22

**4. Материјално – финансиско работење на основното училиште Error! Bookmark not defined.**

**5. Мисија и визија Error! Bookmark not defined.**

**6. “Lessons learned” – Веќе научено / стекнати искуства Error! Bookmark not defined.**

**7. Подрачја на промени, приоритети и цели Error! Bookmark not defined.**

7.1 План за евалуација на акциските планови 32

**8. Програми и организација на работата во основното училиште Error! Bookmark not defined.** 8.1 Календар за организација и работата во основното училиште 33 8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часови на наставниот кадар, распоред на часовите 34

8.3 Работа во смени 38

8.4 Јазик / јазици на кој / кои се изведува наставата 38

8.5 Проширена програма 39

8.6 Комбинирани паралелки 40

8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште 40

8.8 Реализација на Физичко и здравствено образование со учениците од I-V одд. 41

8.9 Изборна настава 41
8.10 Дополнителна настава 41
8.11 Додатна настава 42
8.12 Работа со надарени и талентирани ученици 42
8.13 Работа со ученици со посебни потреби 43
8.14 Туторска поддршка на учениците 46
8.15 План за образовен медијатор 46

**9. Воннаставни активности Error! Bookmark not defined.**
9.1 Училиштни спортски клубови 47
9.2 Секциин / Клубови 47
9.3 Акции 48

**10. Ученичко организирање и учество Error! Bookmark not defined.**

**11. Вонучилишни активности 51**
11.1 Екскурзии, излети и настава во природа 51
11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности 52

**12. Натпревари за учениците 52**

**13. Унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција Error! Bookmark not defined.**

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште Error! Bookmark not defined.**

**15. Поддршка на учениците Error! Bookmark not defined.7**
15.1 Постигнување на учениците 57
15.2 Професионална ориентација на учениците 63
15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација 63

**16. Оценување Error! Bookmark not defined.67**
16.1 Видови оценување и календар на оценувањето 67
16.2 Тим за следење, анализа и поддршка 67
16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар 68
16.4 Самоевалуација на училиштето 68

**17. Безбедност во училиштето Error! Bookmark not defined.9**

**18. Грижа за здравјето 71**
18.1 Хигиена во училиштето 71
18.2 Вакцинирање 71
18.3 Систематски прегледи 71
18.4 Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата 74

**19. Училишна клима 75**
19.1 Дисциплина 75
19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето 75
19.3 Етички кодекс 76
19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето 77

**20. Професионален и кариерен развој на воспитно–образовниот кадар 78**
20.1 Детектирање на потребите и приоритетите 78
20.2 Активности за професионален развој 78
20.3 Личен професионален развој 78

20.4 Хоризонтално учење ____ 78
20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ____ 79

**21. Соработка на основното училиште со родители / старателиError! Bookmark not defined.** ____ 21.1 Вклученост на родителите / старателите во животот и работата на училиштето ____ 80
21.2 Вклученост на родителите / старателите во процесот на учење и воннаставните активности ____ 80
21.3 Едукација на родителите / старателите ____ 81

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште ____ 81**

**23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште ____ 87**

**24. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште ____ 89**

**25. Заклучок ____ Error! Bookmark not defined.**

**26. Комисија за изработка на Годишната програма за работа на основното училиште ____ Error! Bookmark not defined.**

**27. Користена литература ____ 91**

***ПРИЛОЗИ ____ 92***

## ПРЕАМБУЛА

Годишната програма е краткорочен развоен документ, кој е изработен врз основа на согледаните недостатоци од спроведената самоевалуација на училиштето и приоритетите одредени во Прогограмата за развој, врз основа на согледувањата на целокупната работа на училиштето и врз основа на инспекциските надзори..

Согласно Законот за основно образование (“Службен весник на Република Северна Македонија”, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), училиштето ја изготвува Годишната програма за работа на основното училиште за секоја учебна година.

Годишната програма за работата на училиштето се заснова врз Начелата кои овозможуваат успешна реализација на воспитно-образовниот процес во училиштето, реализација на сите програми и упатства од МОН и Бирото за развој на образованието и со цел да одговори на современите трендови во воспитувањето, развојот и стекнувањето знаења на младите генерации, кои се столбот на иднината за секое современо општествено уредување

Училиштето според Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште за изработка на Годишната програма за работа на основното училиште со број 18-6579/1 од 6.7.2020 година, ја изработи Годишната програма за учебната 2025/26 година.

## ВОВЕД

ООУ „Браќа Миладиновци" с.Миладиновци – Општина Илинден ја изготвува Годишната програма за работа на училиштето согласно:

- Закон  за основно образование;
- Планот и програмата за воспитно-образовна дејност на основно училиште;
- Статут на училиштето.

При изработка на Годишната програма се користени и одредби од други закони и подзаконски акти како:

- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки
- Национална програма за развој на образованието
- Концепција за деветгодишно образование
- Измени во законската регулатива во системот за заштита на деца
- Наставни планови и програми
- Програма за развој на училиштето
- Програма за работа на училиштето од претходната година
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година
- Податоци од Самоевалуацијата на училиштето
- Концепција за воннаставни активности, БРО  5.3.2020 година
- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта
- Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони
- Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми
- Извештај од интегралната евалуација
- Извештај од самоевалвација
- Извештаи за финасиското работење на училиштето, записници

При изработка се земени и следните појдовни точки:

- Анализа на степенот на реализација на минатогодишната програма за работа на училиштето
- Промени во наставните планови според бројот на наставните часови и промена во наставните содржини
- Промени и иновации кои ги планира училиштето
- Планови и програми за работата на директорот, стручната служба, Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи

Изготвената предлог годишна програма за работа на училиштето ќе се разгледа и усвои на седница на Училишниот одбор, а потоа се доставува како усвоен предлог на конечно усвојување од Советот на Општина Илинден.

# 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 1.1 Табела со општи податоци

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ „Браќа Миладиновци”** |
| **адреса, општина, место** | **С. Миладиновци, Општина Илинден, Скопје** |
| **телефон** | **02 2577 709** |
| **факс** | **02 2577 709** |
| **е-маил** | **brmiladinovci@yahoo.com** |
| **Основано од** | Училиштето е основано со акт Одлука под број 07-30849 од 1955 година.<br>Училиштето со акт Одлука од Совет на Општина Илинден под број 07-1891/3 од 2014г. е преземено со основачките права и обврски од страна на Општина Илинден. |
| **Верификација – број на акт** | 14-1209/1 |
| **Година на верификација** | 26.2.1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | Прв дел 1939г., втор дел 1957г. |
| **Тип на градба** | Масивна |
| **Површина на објектот** | 1500 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | Тревна површина 800 $m^2$ и друга површина 18606 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | Спортски терени 1170 $m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Да |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно / пелети |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 14 |
| **Број на комбинирани паралелки** | / |
| **Паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Не |
| **Паралелки од музичко училиште** | Не |
| **Ресурсен центар** | Не |

## ПООУ „Браќа Миладиновци” с. Текија

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ „Браќа Миладиновци”** |
| **адреса, општина, место** | **С. Текија** |
| **телефон** | **/** |
| **факс** | **/** |
| **е-маил** | **brmiladinovci@yahoo.com** |
| **основано од** | Училиштето е основано со акт Одлука под број 07-30849 од 1955 година.<br>Училиштето со акт Одлука од Совет на Општина Илинден под број 07-1891/3 од 2014г. е преземено со основачките права и обврски од страна на Општина Илинден. |
| **Верификација – број на акт** | 14-1209/1 |
| **Година на верификација** | 26.2.1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1947 г. |
| **Тип на градба** | Масивна |
| **Површина на објектот** | 350 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | Тревна површина 3980$m^2$ и |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | Спортски терени 600 $m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | не |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно / пелети |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на паралелки** | 5 |
| **Број на комбинирани паралелки** | / |
| **Паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Не |
| **Паралелки од музичко училиште** | Не |
| **Ресурсен центар** | Не |

## ПООУ „Браќа Миладиновци” с. Мршевци

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ „Браќа Миладиновци”** |
| **адреса, општина, место** | **С. Мршевци** |
| **телефон** | **/** |
| **факс** | **/** |
| **е-маил** | **brmiladinovci@yahoo.com** |
| **основано од** | Училиштето е основано со акт Одлука под број 07-30849 од 1955 година.<br>Училиштето соакт Одлука од Совет на Општина Илинден под број 07-1891/3 од 2014г. е преземено со основачките права и обврски од страна на Општина Илинден. |
| **Верификација – број на акт** | 14-1209/1 |
| **Година на верификација** | 26.2.1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1947г. |
| **Тип на градба** | Масивна |
| **Површина на објектот** | 350 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | Тревна површина 3980$m^2$ и друга површина 600$m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | / |
| **Училиштето работи во смена** | Не |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно / пелети |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на паралелки** | 4 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 1 |
| **Паралелки за ученици со посебни образовни потреби** | Не |
| **Паралелки од музичко училиште** | Не |
| **Ресурсен центар** | Не |

## 1.2 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во училиштето

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор** | Претставници од Наставнички совет<br>Драгица Апостоловска<br>Дејан Димитријевиќ<br>Татјана Н.Додевска<br>Претставници од Совет на родители<br>Нинослава Ж. Николиќ<br>Менка А.Ѓошевска<br>Тања Илиевска<br>Претставник од основач Андријана Пешевска |
| **Членови на Совет на родители** | Претседател на Совет на родители<br>Менка Ѓошевска<br>Претставници од паралелките |
| **Стручни активи** | Одделенска настава<br>Габи Николовска<br>Природно- математичка група<br>Елизабета Радевска<br>Општествено- јазична група<br>Емилија Стојановска |
| **Одделенски совети** | Наставници од одделенска настава<br>Наставници од предметна настава |
| **Членови на училишниот инклузивен тим** | Дарко Петковски– директор<br>Татјана Н. Додевска – психолог<br>Кристина Ѓорѓиевска - педагог<br>Драгица Апостоловска- одделенски наставник<br>Ваљбона Алексиќ – родител<br>Тони Цветановски- родител<br>Никола Нешевски - специјален едукатор и рехабилитатор од ПОУ Иднина – Скопје. |
| **Заедница на паралелката** | 2 ученика од VI – IX одделение |
| **Членови на ученичкиот парламент** | 18 ученици ( претседатели и заменици претседатели на паралелките) |
| **Ученички правобранител** | Избран од редот на ученици од VII – IX одделение по пат на тајно гласање |

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 2.1 Местоположба на основното училиште




### 2.2 Податоци за училишниот простор

| | Централно | Подрачни Мршевци / Текија |
|---|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | **2** | **1 / 1** |
| **Број на подрачни училишта** | **/** | **1 / 1** |
| **Бруто површина** | **1500 $m^2$** | **350 $m^2$ / 150 $m^2$** |
| **Нето површина** | **1400 $m^2$** | **300 $m^2$ / 150 $m^2$** |
| **Број на спортски терени** | **1** | **1 / 1** |
| **Број на катови** | **1** | **1 / 1** |
| **Број на училници** | **11** | **4 / 5** |
| **Број на помошни простории** | **1** | **/** |
| **Училишна библиотека, медијатека** | **2** | **/** |
| **Начин на загревање на училиштето** | **парно** | **парно / парно** |

## 2.3 Простор

| Просторија | Вкупно Мил / Т / М | Површина | Состојба (1-5 според норматив од 2019) | Забелешка (потреба од дополнителни простории и реконструкции) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 11 / 5 / 4 | 500 $m^2$<br>137,53 $m^2$<br>130,15 $m^2$ | 3 | Реконструкција на постоечките простории во ПООУ Мршевци и адаптација во училница |
| Кабинети | 1 / 0 / 0 | 26 $m^2$ | 2 | Набавка на опрема и реконструкција |
| Библиотека | 1 / 0 / 0 | 19 $m^2$ | 1 | Набавка на лектирни изданија |
| Медијатека | 1 / 0 / 0 | 10 $m^2$ | 0 | / |
| Читална | 1 / 0 / 0 | 20 $m^2$ | 0 | Набавка на инвентар |
| Спортска сала | 1 / 0 / 1 | 223,82 $m^2$<br>15 $m^2$ | 2 | Изградба на спортска сала во централното училиште |
| Двор | 1 / 1 / 1 | 18606 $m^2$<br>4580 $m^2$<br>4580 $m^2$ | 3 | Просторно и хортикултурно уредување |
| Заеднички простории | 1 ПОУ Текија | 8 $m^2$ | 3 | / |
| Подрумски простории | 3 / 0 / 5 | 300 $m^2$<br>150 $m^2$ | 3 | / |

## 2.4 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства”

| Одделенска и предметна настава | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и настани средства |
|---|---|---|
| Одделенска | Знаме и карта на РСМ<br>Енциклопедии,еко домино и лото игра<br>Мали сообраќајни знаци<br>Домино со бои и бројки<br>Коцки со бројки<br>Обоени стапчиња<br>Мала вага, лупи<br>Танграм<br>Картончиња со букви<br>Сликовници, постери<br>Детски музички инструменти<br>Часовник, сложувалки, метар<br>Топки, коцки, пикадо<br>Дводимензионални фигури<br>Обрачи хулахоп<br>Монети и банкноти<br>Бројни слики и бројни низи<br>Блок, ластелин<br>Хартија за копирање<br>Глинамол и глина | **Спортска сала во централното училиште Асистивна технологија** |
| Предметна | Рутер за интернет конекција<br>Микроскоп, вага, лупа<br>Ножички, пинцета<br>Шпиртна ламба<br>Магнетна прачка<br>Глобус, географски карти<br>Стакларија<br>Историски карти<br>Илустриран историски материјал<br>Енциклопедии<br>Хармоники<br>Топка за одбојка, кошарка, фудбал<br>Мали топчиња<br>Мали јажиња за скокање<br>Мрежа за одбојка<br>Ѓулиња<br>Мека доскочна површина<br>Душеци, штоперица, обрачи, медицинки<br>Модели – човек, око, срце, бели дробови, бубрези,череп<br>Слики од анатомија на човек<br>Слики од анатомија на растителни органи<br>Лабараториски прибор<br>Хемикалии за вежби и демонстрации<br>Сталак за епрувети<br>Лакмусова хартија | **Спортска сала во централното училиште Асистивна технологија** |

## 2.5 Податоци за училишна библиотека

| Реден број | Библиотечен фонд | количество |
|---|---|---|
| **1** | Учебници | 5996 |
| **2** | Лектири | 16 357 |
| **3** | Стручна литература | 700 |
| **4** | Сериски публикации | 100 |
| **5** | Белетристика | 534 |

## 2.6 План за обновување и адаптација во оваа учебна година

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| **ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ** | | |
| Реконструкција на стар дел | 200 $m^2$ | подобрување на услови |
| Уредување на предниот дел од централното училиште | 40 $m^2$ | подобрување на услови |
| Обезбедување на рекреативен простор на отворено | 40 $m^2$ | подобрување на услови |
| **ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ МРШЕВЦИ** | | |
| Реконструкција на објект за училница | 40 $m^2$ | подобрување на услови |
| Промена на подови во училниците | 4 училници | подобрување на услови |
| Оградување на училишниот двор | 100м | подобрување на услови |
| **ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ТЕКИЈА** | | |
| Промена на подови во училниците | 3 училници | подобрување на услови |

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 3.1 Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно- образовната работа

| бр | Име и Презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор / Советник | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Сузана Крстева | 1964 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 32 год. |
| 2 | Драгица Апостоловска | 1975 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 26 год. |
| 3 | Елена Карагунова | 1971 | Наставник по одделенска настава | вишо | одделенски наставник | / | 28 год. |
| 4 | Јованка Грозданоска | 1970 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 29 год. |
| 5 | Радица Блажевска | 1967 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 24 год. |
| 6 | Лидија Николовска | 1973 | Дипл. Педагог | високо | одделенски наставник | / | 22 год. |
| 7 | Мерима Тушевска | 1984 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 2 год. |
| 8 | Сунчица Митровска | 1982 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 16 год. |
| 9 | Габи Николовска | 1981 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 16 год. |
| 10 | Јелена Савова | 1983 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 16 год. |
| 11 | Марина Петкова | 1987 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 4 год. |

| бр | Име и Презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор / Советник | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Ана Симовска | 1988 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 8 год. |
| 13 | Габриела Младеновска | 1982 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 14 год. |
| 14 | Милена Сарафимовска | 1987 | Наставник по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 12 год. |
| 15 | Ленче Крстевска | 1986 | Дипл. Проф по одделенска настава | високо | одделенски наставник | / | 7 год. |
| 16 | Анкица Димитриевска | 1982 | Дипл. Проф. по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности | високо | наставник по македонски јазик | / | 14 год. |
| 17 | Андриана Митевска | 1980 | Дипл. Проф. по македонски јазик и македонска книжевност | високо | наставник по македонски јазик | / | 9 год. |
| 18 | Јаким Ристовски | 1988 | Дипл. Проф по математика | високо | наставник по матемаетика | / | 9 год. |
| 19 | Елизабета Радевска | 1981 | Дипл. Проф по математика | магистер | наставник по матемаетика | / | 11 год. |
| 20 | Марија Митрева | 1975 | Дипл. филолог по македноски јазик со англиски јазик и книжевност / доквалификација | високо | наставник по англиски јазик | / | 19 год. |

| бр | Име и Презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор / Советник | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Емилија Стојановска | 1985 | Дипл. Проф по англиски јазик и книжевност | високо | наставник по англиски јазик | ментор | 16 год. |
| 22 | Сандра Мартиновска | 1988 | Дипломиран по англиски јазик со италијански јазик и бизнис | високо | наставник по англиски јазик | / | 2 год. |
| 23 | Билјана Смилевска | 1982 | Дипл. Проф по германски јазик и книжевност | високо | наставник по германски јазик | / | 18 год. |
| 24 | Марија Зоксимовска | 1984 | Дипл. ликовен педагог со сликарство | високо | наставник по ликовно образование | / | 13 год. |
| 25 | Фросина Кузева | 1974 | Дипл. инж. по информатика / доквалификација | високо | наставник по информатика | / | 16 год. |
| 26 | Александра Стоевска | 1984 | Дипл. Проф. По биологија – хемија во основно образование | високо | наставник по биологија и хемија | / | 14 год. |
| 27 | Дејан Димитријевиќ | 1984 | Дипл. Проф по Физичка култура | високо | наставник по физичко образование | / | 16 год. |
| 28 | Влатко Најдовски | 1986 | Дипл. Проф по физичко образование | високо | наставник по физичко образование | / | 7 год. |
| 29 | Марко Симиќ | 1975 | Дипл. Проф по физичко образование | високо | наставник по физичко образование | / | 15 год. |

| бр | Име и Презиме | Годин а на раѓањ е | Звање | Степен на образов ание | Работно место | Ментор / Советн ик | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Мариана Бошковска | 1999 | Дипл. Оперски пеач | високо | наставник по музичко образование | / | 0 год. |
| 31 | Билјана Таниќ | 1971 | Дипл. Проф по историја | високо | наставник по историја и граѓанско образо вание | / | 18 год. |
| 32 | Димка Б. Ѓорѓиевска | 1981 | Дипл. Проф по географија | високо | наставник по географија | / | 1 год. |
| 33 | Јулијана Атанасовска | 1977 | Дипл. Проф по физика | високо | наставник по физика | / | 16 год. |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

## 3.2 Податоци за раководните лица

| бр | Име и Презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образ. | Работно место | Ментор / Советник | Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дарко Петковски | 1986 | Дипл. Проф. по географија | високо | Директор | / | 14 |

## 3.3 Податоци за вработените административни службеници

| бр | Име и Презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образ. | Работно место | Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Татјана Н. Додевска | 1981 | Дипломиран психолог | магистер | психолог | 17 |
| 2 | Олгица Павловска | 1962 | Дипломиран економист | високо | секретар | 36 |
| 3 | Кристина Ѓоргиевска | 1994 | Дипломиран педагог | магистер | педагог | 8 |
| 4 | Андриана Митевска | 1980 | Наставник по македонски јазик | високо | библиотекар | 9 |
| 5 | Галина Стевановска | 1966 | Наставник по физика и хемија | вишо | библиотекар | 34 |

## 3.4 Податоци за вработените помошно- технички лица

| бр | Име и Презиме | Год. на раѓање | Звање | Степен на образ. | Работно место | Стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Христина Јосимовска | 1971 | средно / економски техничар | средно | хигиеничар | 32 |
| 2 | Наташа Јовановска | 1980 | средно / графичар, книговезец, карторежер | средно | хигиеничар | 13 |
| 3 | Соња Алексовска | 1969 | средно / производител на градежни материјали од неметална струка | средно | хигиеничар | 8 |
| 4 | Билјана Завировска | 1977 | средно / кондитор | средно | хигиеничар | 9 |
| 5 | Анета Маневска | 1976 | средно / земјоделски техничар | средно | хигиеничар | 9 |
| 6 | Синиша Младеновски | 1981 | средно / машински техничар | средно | хаусмајстор | 20 |

## 3.5 Податоци за ангажираните образовни медијатори

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори.

Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сезибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштање на воспитно – образовниот процес на учениците

## 3.6 Вкупно податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Централно | Подрачни | Македонци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Број на вработени | 31 | 13 | 5 | 37 | 1 | 1 | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар | 22 | 11 | 3 | 28 | 1 | 1 | / | / | / | / |
| Број на Стручни соработници | 3 | / | / | 3 | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| Помошно технички кадар | 4 | 2 | 1 | 5 | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |

## 3.7 Вкупно податоци за степен на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Постдипломски студии - втор циклус | 3 |
| Високо образование | 33 |
| Виша стручна спрема | 2 |
| Средно образование | 6 |
| Основно образование | / |

## 3.8 Вкупно податоци за старосна структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20 – 30 | 1 |
| 31 – 40 | 11 |
| 41 – 50 | 21 |
| 51 – 60 | 9 |
| 61 – пензија | 2 |

## 3.9 Податоци за учениците во основното училиште

Согласно член 16 од Законот за основно образование запишувањето на дете во училиште го врши трочлена комисија составена од: психолог, педагог или од специјален едукатор и наставник од редот на одделенските наставници.

Комисијата ја формира директорот на училиштето.

Членови на комисија за учебната 2025 /26 год. се:

- Татјана Н.Додевска - психолог
- Кристина Ѓоргиевска - педагог
- Ана симовска  - одделенски наставник

Членови на комисја за учебната 2025 /26 год. за ученици со надмината возраст се:

- Кристина Ѓоргиевска - педагог
- Габриела Младеновска - одделенски наставник
- Ана Симовска   - одделенски наставник

**Централно училиште**

| Одд. | Бр. на пара-лелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Срби | | Бугари | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 25 | 5 | 7 | 6 | 7 | | | | | | |
| II | 1 | 22 | 5 | 7 | 6 | 4 | | | | | | |
| III | 1 | 24 | 4 | 9 | 6 | 5 | | | | | | |
| IV | 1 | 21 | 6 | 5 | 5 | 5 | | | | | | |
| V | 2 | 33 | 11 | 7 | 11 | 4 | | | | | | |
| **I - V** | **6** | **125** | **31** | **35** | **34** | **25** | | | | | | |
| VI | 2 | 37 | 13 | 10 | 7 | 4 | 3 | | | | | |
| VII | 2 | 32 | 13 | 16 | 1 | 2 | | | | | | |
| VIII | 2 | 33 | 13 | 6 | 5 | 6 | 1 | 2 | | | | |
| IX | 2 | 34 | 16 | 6 | 5 | 5 | 1 | 1 | | | | |
| **VI- IX** | **8** | **136** | **55** | **38** | **18** | **17** | **5** | **3** | | | | |
| **I - IX** | **14** | **261** | **86** | **73** | **52** | **42** | **5** | **3** | | | | |

**ПООУ Мршевци**

| Одд. | Бр. на пара-лелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Срби | | Бугари | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I<br>II | 1 | 3<br>4 | /<br>2 | 3<br>2 | | | / | / | | | | |
| III | 1 | 9 | 5 | 2 | | | 1 | 1 | | | | |
| IV | 1 | 10 | 2 | 4 | | | 2 | 2 | | | | |
| V | 1 | 5 | 1 | 2 | | | 1 | 1 | | | | |
| **I - V** | **4** | **31** | **10** | **13** | | | **4** | **4** | | | | |

**ПООУ Текија**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Срби | | Бугари | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 7 | 5 | 2 | | | | | | | | |
| II | 1 | 7 | 6 | 1 | | | | | | | | |
| III | 1 | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | |
| IV | 1 | 8 | 4 | 4 | | | | | | | | |
| V | 1 | 7 | 3 | 4 | | | | | | | | |
| **I – V** | **5** | **36** | **22** | **14** | | | | | | | | |

## 4. МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Согласно член 109 од Законот за основно образование Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

Во текот на учебната година се реализираат јавни набавки по претходно одобрен Годишен план за јавни набавки. Набавките што се надвор од планот за јавните набавки се во согласнот со законските и подзаконските акти поврзани со материјално–финансиското работење на основното училиште.

## 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА

### МИСИЈА

**Нашето еко - училиште е пријатно катче за стекнување знаења, воспитување и толеранција помеѓу учениците, родителите и вработените. Со професионален пристап на вработените и употреба на информатичката технологија го подобруваме квалитетот на наставата и ја афирмираме и промовираме нашата воспитно-образовна институција.**

### ВИЗИЈА

**Подобри услови за работа на училиштето, унапредување на мултикултурна соработка и помагање на учениците од социјално ранливите категории.**
**Ќе создадеме квалитетна клима за работа и ќе го подобриме училишниот успех.**

## Што сакаме да постигнеме?

Во училиштето да има здрава и пријатна средина каде учениците ќе се здобијат со основни знаења, умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање.

Во училиштето да се применува активна настава со примена на современи наставни методи и техники. Наставниот и ненаставниот кадар постојано професионално да се усовршува и да ги следи трендовските промени и истите да ги применува во воспитно – образовниот дел.

## На кој начин би го постигнале тоа?

Училиштето ќе организира работилници, наставни и вонаставни активности со цел поттикнување и развивање на вештини на учениците за доживотно учење.
Исто така, наша задача ќе биде организирање семинари и континуирано усовршување на наставниот кадар и стручната служба, учество на вебинари и онлајн семинари и работилници со цел наставата да биде на високо ниво и во чекор со промените на 21 век.

## 6. “LESSONS LEARNED” – ВЕЌЕ НАУЧЕНО / СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Во изработка на Годишната програма за работа на училиштето ги користевме поуките и искуствата од работата на училиштето во изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во нашето училиште.
Годишната програма за работа на училиштето е изработена врз основа на:

- Анализи и заклучоци од самоевалуацијата на работата на училиштето (изготвени во учебната 2022-2024 година);
- Анализи и препораки од Училишен одбор;
- Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи, Тимот за реализација на Програмата за професионален развој на наставниот кадар;
- Искуства стекнати при реализација на наставните планови и програми, позитивните искуства со реализиција на концептот за деветгодишно образование;
- Новите стекнати знаења ги имплементиравме во планирање, подготовки и реализација на наставата и воннаставните активности во нашето училиште;
- Имплементација на програми за имплементација на еколошката едукација во образовниот систем, придобивките од употребата на училишните кодекси и правилници, критериуми и етички кодекси на оценувањето;
- Придобивките од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и воннаставните активности беа патоказ во подготвувањето и техничката изведба на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година;
- Вклучувањето на училиштето во проекти ги проширува можностите за повисоки постигања на учениците и подобар квалитет на наставата;

# 7. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

## Цели и препораки од ДПИ

- Да се зголеми бројот на спортски реквизити во подрачните училишта за реализација на настава по физичко и здравствено образование;
- Да се организираат обуки согласно личниот план за професионален развој;
- Да се организира поголем број на активности за меѓуетничка интеграција со партнер училиштето.

## Очекувани исходи

- Зголемување на бројот на спортски реквизити во подрачните училишта за реализација на настава по физичко и здравствено образование;
- Организирање на обуки согласно личниот план за професионален развој;
- Организирање на поголем број на активности за меѓуетничка интеграција со партнер училиштето.

| Приоритети | Време на реализација | Одговорни лица | Задачи | Активности |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување на работата со ученици со посебни образовни потреби (талентирани, ученици со посебни образовни потреби и ученици од ранливи групи) | август<br>септември | Психолог<br>Педагог<br>Одделенски раководители<br>Родители<br>Наставници<br>Образовен асистент | Детектирање на алентирани ученици, ученици со посебни образовни потреби и ученици од маргинализирани групи и следење на нивните постигања | Утврдување на можностите и способностите на учениците во консултации со одделенски раководители, психолог, родители.<br>Формирање на инклузивни тимови за учениците со посебни образовни потреби.<br>Изготвување барање за доделување на образовни асистенти<br>Изготвување на програми со посебни образовни цели |
| | ноември | Психолог<br>Педагог<br>Одделенски раководители<br>Наставници | Примена на индивидуален пристап во работата со овие ученици | Изготвување листа на податоци за талентираните ученици |
| | јануари | Инклузивен тим<br>Психолог<br>Педагог<br>Одделенски раководители<br>Родители | | Изготвување листа на податоци за ученици со посебни образовни потреби и ученици од маргинализирани групи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | февруари | Наставнички совет<br>Стручни активи<br>Директор | | Определување одговорни лица<br><br>Ментори за следење на постигањата на детектираните ученици |
| | февруари | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Родители<br>Одделенски раководители<br>Ученици<br>Претседатели на стручни активи | | Работилница за усогласување на активностите на наставниот кадар, психологот, родителите за работа со учениците со посебни потреби (талентирани, ученици со посебни образовни потреби, ученици од маргинализирани групи) |
| | февруари – јуни | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставнички совет<br>Образовен асистент<br>Одговорни наставници | | Следење и анализа на постигањата на талентирани ученици, ученици со посебни образовни потреби и ученици од маргинализирани групи |
| | октомври | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | Стручно усовршување на наставниот кадар и стручната служба за работа со талентирани ученици, ученици со посебни образовни потреби и ученици од маргинализирани групи | Анкета на наставниот кадар и стручната служба за потребите од обука за работа со талентирани ученици и ученици со посебни образовни потреби |
| | ноември | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | | Анализа на анкетите и утврдување на потребите од обуки |
| | | Директор<br>Секретар | | Обезбедување финансиски средства за реализација на обуките |
| | октомври | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | | Стручно усовршување на наставен кадар за изготвување на наставни планови и програми за ученици со ПОП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | октомври | Психолог Педагог Одделенски раководители | Изготвување на база на податоци за ученици од социјално загрозени семејства | Изготвување  база на податоци за ученици од социјално загрозени семејства |
| | декември април | Ученици Наставници Директор Совет на Родители | | Организирање на хуманитарна акција за помош на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства |
| Подобрување на квалитетот на наставата и олеснување на процесот на учење | | Директор Психолог Педагог Наставници Претседатели на стручни активи | Подобрување на квалитетот на наставата со примена на активна настава | Реализација на нагледни часови со примена на интерактивни методи во наставата и техники на учење |
| | јануари - јуни | Психолог Педагог Наставници Претседатели на стручни активи | | Реализација на работилници  за презентација на успешни часови со интерактивни методи во наставата и техники на учење, анализа на примери од успешна пракса |
| | јули август | Директор Психолог Педагог Наставници Претседатели на стручни активи | | Анализа на училишниот успех на учениците и споредба со успехот од претходните учебни години |
| Обезбедување на просторни и технички услови за непречена реализација на наставата и воннаставни активности | јануари - јуни | Претставник од Локална самоуправа | Подобрување на условите за работа во училиштето со набавка на опрема, нагледни средства и подобрување на просторните услови | Подготовка на документација  за набавка на нагледни средства и помагала за учениците во прво одделение во централното училиште |
| | јануари - јуни | Наставници | | Утврдување на потребите на наставениот кадар и стручната служба за набавка на опрема и нагледни средства |
| | јануари - јуни | Претставник од Локална самоуправа | | Набавка на нагледни средства и помагала за учениците |

## План за Граѓанско образование
## Отворен ден за граѓанско образование

Во текот на учебната 2025/26 година ќе се спроведе Отворен ден за граѓанско образование.

**Цел:**

- Да се зајакне демократската клима во училиштето;
- Да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата;
- Да се зајакне иницијативноста на учениците за преземање активности за позитивна промена;
- Да се придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште;
- Да се поврзе училиштето со поширократа заедница.

**Задача:**

- Современ начин на изучување на предметот Граѓанско образование;
- Вклучување на целото училиште и целата локална заедница во промоција на граѓанските вредности и практикување на демократско однесување;
- Подобрување на комуникацијата со другите со почитување и преземање на одговорни акции кои водат кон одржливост и колективна добробит;
- Поттикнување на креативност и фантазија кај учениците;
- Поттикнување на демократски амбиент за работа и учење;
- Стекнување на граѓански компетенции;
- Развивање на чувство на припадност;
- Унапредување на вклученост на родителите во воспитно – образовниот процес.

## 7.1 План за евалуација на акциските планови

| Приоритети | Критериуми за успех | Одговорни лица | Инструменти | Индикатори за успешност |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување на работата со ученици со посебни образовни потреби (талентирани, ученици со пречки во развој и ученици од ранлива група) | Изготвена база на податоци за ученици со посебни образовни потреби (талентирани, ученици со посебни образовни потреби и ученици од ранлива група); Формирање на инклузивен тим на училиштето; Детектирање на социјално загрозени ученици; Организирање на хуманитарни акции за социјално загрозени ученици; Анализа на успехот на ученици со посебни образовни потреби; Стручно усовршување на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби | Директор Инклузивен тим Психолог Педагог | Листа на податоци за ученици со посебни образовни потреби (талентирани, ученици со пречки во развој и ученици од ранлива група); Извештај од реализирани активности; Фотографии од реализирани активности; Анкети за потреби на наставниот кадар од обуки; Извештај од реализирани обуки; Изготвени индивудуални планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби | Изготвена база со податоци за ученици со посебни образовни потреби по дадените категории; Реализирани најмалку две хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици; Реализирани обуки за наставен кадар; |
| Подобрување на квалитетот на наставата со примена на интерактивни методи и техники на учење во наставата | Реализирање на нагледни часови со примена на интерактивни методи и техники на учење во наставата од страна на секој стручен актив; Реализација на работилници за успешни методи од активна настава; Посета и анализа на часови на наставниците од страна на директор и стручна служба; Анализа на квалитетот на наставата и постигнувања на ученици од страна на Стручните активи | Директор Психолог Педагог Претседател на Стручни активи | Инструмент за посета и анализа на часови; Записници од одржани часови; Формулар со анализа за успехот на учениците; Записник од работилници; Записник од Стручни активи; | Реализација на два часа од секој наставник со примена на активна настава; Подобрување на успехот на учениците за 5%; Унапредување на работата на Стручните активи; Дисеминација на обуките за наставниот кадар |
| Модернизација на просторните услови | Подобрени просторни услови | Комисија | Фотографи Извештај од реализирани активности | Подобрени просторни услови за работа |

# 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календарот за работа на училиштето го донесува министерот за образование и истиот Министерството за образование и наука го објавува во Службен весник.

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година.

- Учебната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 год.
- Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 год.
- Наставната година ја сочинуваат 2 полугодија:
    - Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година
    - Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

**Програми и организација на работата во основното училиште**

**Календар за организацијата и работата во основното училиште**

**КАЛЕНДАР ЗА УЧЕБНА 2025-2026 ГОД.**

| СЕДМИЦА | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I полугодие** (учебна 2024/2025) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МЕСЕЦ | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | декември | | | | | Вк. |
| понеделник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | **16** |
| вторник | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | **18** |
| среда | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | | **17** |
| четврток | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | **16** |
| петок | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | **17** |
| Вкупно денови | **21** | | | | | **22** | | | | | **20** | | | | **21** | | | | | **84** |

| СЕДМИЦА | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕСЕЦ | јануари | | февруари | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | | | Вк. |
| понеделник | | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | | **18** |
| вторник | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | | **21** |
| среда | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | | **21** |
| четврток | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | | | **20** |
| петок | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | | | **16** |
| Вкупно денови | **9** | | **20** | | | | **21** | | | | | **20** | | | | | **18** | | | | | **8** | | | **96** |

**За сите граѓани на РМ**

*8 Септември - Ден на независноста на РМ*
*11 Октомври - Ден на народното востание* (сабота)
*23 Октомври - Ден на македонската Револуционерна Борба*
*8 Декември - Св. Климент Охридски*
*20 Март - Рамазан Бајрам*
*13 Април - Втор ден Велигден*
*1 Мај - Ден на трудот*
*24 Мај - Св Кирил и Методиј* (недела)
неработен 25 Мај (понеделник)
*29 Мај - Духовден, петок пред Духовден*

**За граѓаните од православна вроисповест**

*19 Јануари - Богојавление (Водици)*
*10 Април - Велики Петок, петок пред Велигден*

| Работни денови | Вк. |
|---|---|
| понеделник | 34 |
| вторник | 39 |
| среда | 38 |
| четврток | 36 |
| петок | 33 |
| **ВКУПНО** | ***180*** |

## Еколошки календар

| | |
|---|---|
| **16 септември** | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| **22 септември** | Меѓународен ден без автомобили |
| **8 октомври** | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| **15 октомври** | Меѓународен ден на пешаците |
| **16 октомври** | Меѓународен ден на храната |
| **3 март** | Светски ден за заштеда на енергија |
| **22 март** | Светски ден за заштеда на водите |
| **7 април** | Светски ден на здравјето |
| **22 април** | Светски ден на планетата Земја |
| **15 мај** | Светски ден за заштита на климата |
| **31 мај** | Светски ден против пушењето |
| **5 јуни** | Светски ден за заштита на животната средина |
| Ден на акција на еко – училиштата се реализира два пати во текот на една учебна година | |

## Календар за работа на учебната 2025 /26 година

| **Работни – Ненаставни денови со посебни програми** | |
|---|---|
| **25 Мај** | Патронен празник |

## 8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

| **Листа на одделенски раководители – ООУ ,, Браќа Миладиновци” с. Миладиновци** | |
|---|---|
| **Одделение** | **Одделенски раководител** |
| I | Марина Петковска |
| II | Драгица Апостоловска |
| III | Елена Карагунова |
| IV | Лидија Николовска |
| V[1] | Сузана Крстева |
| V[2] | Габи Николовска |

| | |
|---|---|
| $VI^1$ | Марко Симиќ |
| $VI^2$ | Сандра Мартиновска |
| $VII^1$ | Александра Стоевска |
| $VII^2$ | Јаким Ристовски |
| $VIII^1$ | Димка Б.Ѓоргиевска |
| $VIII^2$ | Анкица Димитриевска |
| $IX^1$ | Марија Митрева |
| $IX^2$ | Андриана Митевска |
| **Листа на одделенски раководители – ООУ ,,Браќа Миладиновци" с. Миладиновци ПООУ Текија** | |
| I | Ана Симовска |
| II | Милена Сарафимовска |
| III | Радица Блажевска |
| IV | Јелена Савова |
| V | Ленче Крстевска |
| **Листа на одделенски раководители – ООУ ,,Браќа Миладиновци" с. Миладиновци ПООУ Мршевци** | |
| I и II | Габриела Младеновска |
| III | Јованка Грозданоска |
| IV | Мерима Тушевска |
| V | Сунчица М.Јаневска |

| Р.б | Презиме и име | СП | Наст.пр. | Одд. рак | Одд. во кое предава | Бр.на час | Допол-нува | М.У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Анкица П. | ВСС | Мак. јаз. | $8^2$ | $6^2$, $7^1$ , $7^2$ ,, $8^1$ $8^2$ , | 20+1 | / | / |
| 2. | Андриана М. | ВСС | Мак. јаз. | $9^2$ | $6^1$ , $9^2 9^1$ | 12+8+1 | 8часа-библиотека | / |
| 3. | Сандра Д. | ВСС | Анг. јаз. | $6^2$ | $5^1$ ,$5^2$,4,3,2,1 ,$8^1$ изборен $6^1$ и $6^2$ | 19+4+1 | / | / |
| 4. | Марија М. | ВСС | Анг. јаз. | $9^1$ | $6^1$, $6^2$ ,$7^1$, $7^2$ ,$8^2$ $9^1$,$9^2$ , | 21+1 | / | / |
| 5. | Емилија С. | ВСС | Анг. јаз. | / | ПОДРАЧНИ | 21 | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Билјана С. | ВСС | Герм. јаз. | $6^2$ | $6^1, 6^2, 7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2, 8^2$ | 16+2+3(ЕМИС) | | / |
| 7. | Јаким Р. | ВСС | Матем. | $7^2$ | $6^1, 6^2, 7^1, 7^2, 9^2$ , | 22+1 | / | / |
| 8. | Елизабета Р. | ВСС | Матем. | / | $8^1, 8^2, 9^1$, | 12+8 | 8 часа Г.Д. | / |
| 9. | Александра С. | ВСС | Биолог. Хемија | $7^1$ | $7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$ ,- биологија $7^1, 7^2\ 8^1, 8^2$ -$9^1, 9^2$-хемија, | 12+8+2+1 | / | / |
| 10. | Димка Б.Ѓ | ВСС | Географ. / | $8^1$ | $6^1, 6^2, 7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$ ,геог. $6^1, 6^2$ П.Н, | 20+2+1 | / | / |
| 11. | Галина С. | ВШС | / | / | библиотека | 10 | / | / |
| 12. | Билјана Таниќ | ВСС | Историја/ Граѓ. обр. | / | $6^1, 6^2, 7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$ , истор. $7^1, 7^2\ 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$-Г.О. | 16+6 | / | / |
| 13. | Марија З. | ВСС | Ликовно образ. / Проекти | / | $6^1, 6^2, 7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$ Л.О , изборен $9^1$ и $9^2$ | 8+2+8+3 | Р.К , СОСУ | / |
| 14. | Мариана Б. | ВСС | Музичко, Х и О. | / | $6^1, 6^2, 7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$М.О.,6 ч Хор и Оркест. ,избо рен $7^1$ и $7^2$ | 8+6+4+3 | СОСУ | / |
| 15. | Дејан Д. | ВСС | Физичко образ. | / | $6^2, 7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$- физичко образ., | 21 | / | / |
| 16. | Фросина К. | ВСС | Т.О и Информ. Иноваци | / | $5^1, 5^2$, 5 подрачни,$6^1, 6^2$-$7^1, 7^2$ Т.о и Информ. ,$9^1, 9^2$ Инов. | 18+6 | Р.К. | / |
| 17 | Јулијана А. | ВСС | Физика/ | / | $7^1, 7^2, 8^1, 8^2, 9^1, 9^2$ ,- | 10 | СОСУ | / |
| 18. | Влатко Н. | ВСС | Физичко образ. | / | ,Текија,Мрше вци, | 21 | / | / |
| 19 | Марко С. | ВСС | Физичко образ. | $6^1$ | $6^1$,1,2,3,4,$5^1, 5^2$ | 21+1 | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Ивана Д. | ВСС | Прир.нау<br>. | / | $5^1$ и $5^{2,}$ , 5 ПООУ Мршевци и Дељадровци | 8 | Р.К. | Р.К. |

| Наставен кадар којшто дополнува часови во други училишта | |
|---|---|
| **Наставник и наставен предмет** | **Училиште** |
| Ликовно образование – Марија Зоксимовска | ООУ „Ристо Крле” / СОСУ „Илинден” |
| Музичко образование – Маријана Бошковска | СОСУ „Илинден” |
| Математика – Елизабета Радевска | ООУ „Гоце Делчев” |
| Информатика – Фросина Кузева | ООУ „Ристо Крле” |
| **Наставен кадар од други училшта којшто дополнува часови** | |
| **Наставник и наставен предмет** | **Училиште** |
| | |

## РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ

## 8.3 Работа во смени

Во централното училиште наставата се одвива во две смени. Првата смена започнува во 07:50 часот, а завршува во 13:20 часот. Втората смена започнува во 13:30 часот и завршува во 18:05 часот.

Во подрачните училишта наставата се одвива во една смена со почеток во 08:00 часот, а завршува во 12:40 часот.

Наставата се планира и организира согласно Наставниот план и програма за основно образование и континуирано се следи и вреднува нејзината реализација. Со реализација на наставата се остваруваат основните образовни и воспитни цели на училиштето. Во наставниот процес учениците се стекнуваат со знаења, вештини, умеења, формираат систем на ставови и вредности и ги развиваат своите индивидуални способности.

## 8.4 Јазик / јазици на кој / кои се изведува наставата

| Број на | Македонски ј. | Албнски ј. | Турски ј. | Српски ј. | Босански ј. |
|---|---|---|---|---|---|
| Паралелки | 23 | / | / | / | / |
| Ученици | 344 | / | / | / | / |
| Наставници | 33 | / | / | / | / |

## 8.5 Проширена програма

Согласно Концепцијата за деветгодишно основно образование училиштето организира и реализира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците еден час пред започнување на наставата и еден час по завршување на редовната настава, доколку има согласност од родителите. Во прилог на Годишната програма е доставена целосната програма.

Во основното училиште се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование.

Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава. Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.

**Цели и задачи на основното образование:**

Целта на основното образование и воспитание е да им овозможи на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, да усвојат знаења и умеења за природата, општеството и човекот и да се оспособат за нивна примена во животот и понатамошното образование, кај нив да се развие чувство на одговорност, за вистината и значењето на трудот на човекот, смисла за убавото, културните традиции и свест за припадност на Република Северна Македонија, почитување и исполнување на граѓанските права и обврски.

**Целта на основното образование и воспитание се определува со следниве задачи:**

- Стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за понатамошно образование;
- Хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности;
- Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо;
- Развивање на самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;
- Воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права;
- Развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;
- Вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби;
- Развивање на надареноста на учениците во различни области;
- Унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Учениците ќе бидат прифатени во училиштето најмногу еден час пред започнување на редовната настава и еден час по завршувањето на наставните часови од страна на одговорен наставник за прием. Секој одделенски наставник ќе реализира содржини со своите ученици или со ученици чијашто наставничка е одговорна за приемот на учениците во предвидениот работен ден.

Наставниците кои се одговорни за прием на учениците ќе одлучат кај кој друг наставник ќе ги згрижат своите ученици додека трае приемот. Секој одделенски наставник самостојно ги испраќа своите ученици по завршувањето на проширената програма.

За учениците од I до III одделение во рамките на проширената програма ќе се реализираат содржини од слободните активности, воннаставните активности, општествено корисна работа, работа со компјутери, пишување на домашна работа и други активности според интересите и желбите на учениците. Истите ќе се менуваат еднаш месечно.

## 8.6 Комбинирани паралелки

| Листа на одделенски раководители – ООУ „Браќа Миладиновци" с. Миладиновци - ПООУ Текија | | Број на ученици |
|---|---|---|
| **Одделение** | **Одделенски раководител** | |
| / | / | / |
| **Листа на одделенски раководители – ООУ „Браќа Миладиновци" с. Миладиновци - ПООУ Мршевци** | | **Број на ученици** |
| **Одделение** | **Одделенски раководител** | |
| I и II | Габриела Младеновска | 7 |

## 8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| Англиски јазик | Германски јазик |
|---|---|
| **Централно** | |
| I | / |
| II | / |
| III | / |
| IV | / |
| V | / |
| VI | VI |
| VII | VII |
| VIII | VIII |
| IX | IX |
| **ПОУ Текија и ПОУ Мршевци** | |
| I | / |
| II | / |
| III | / |
| IV | / |
| V | / |

## 8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со ученици од I – V одделение

| Одделение | Име и презиме на одделенски наставник | Име и презиме на наставник по Физичко образование |
|---|---|---|
| I | Марина Петковска<br>Ана Симовска<br>Габриела Младеновска | Влатко Најдовски<br>Марко Симиќ |
| II | Драгица Апостоловска<br>Милена Сарафимовска<br>Јованка Грозданоска | Влатко Најдовски<br>Марко Симиќ |
| III | Елена Карагунова<br>Јованка Грозданоска<br>Радица Блажевска | Влатко Најдовски<br>Марко Симиќ |
| IV | Лидија Николовска<br>Јелена Савова<br>Мерима Тушевска | Влатко Најдовски<br>Марко Симиќ |
| V | Габи Николовска<br>Сузана Крстева<br>Ленче Крстевска<br>Сунчица М.Јаневска | Влатко Најдовски<br>Марко Симиќ |

## 8.9 Изборна настава

| Изборен Предмет | Наставник | Одделение |
|---|---|---|
| Слободни изборни предмети | Одделенски наставници<br>Предметни наставници<br>Маријана Бошковска<br>Димка Б.Ѓоргиевска<br>Билајана Смилевска<br>Сандра Мартиновска | 4 и 5 одделение централно и ПООУ<br><br>$6^1$, $6^2$, $7^1$, $7^2$ , $8^1$, $8^2$ |
| Вештини за живеење – изборен предмет | Марија Зоксимовска | $9^1$, $9^2$ |

## 8.10 Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител/старател или по проценка на наставникот. Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано или периодично слаби резултати и вештини во учењето, а особено ако имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет, отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител/старател. Сите наставници од одделенска и предметна настава кои ги реализираат наставните содржини по соодветните наставни предмети изготвуваат посебни програми за дополнителна настава и ги задолжуваат учениците за посета на дополнителната настава. Училиштето на месечна основа ќе истакне распоред за дополнителна настава на видно место.

## 8.11 Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети.При реализација на додатната настава за учениците, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

Реализацијата на додатна и дополнителна настава се изведува на месечна основа и училиштето изготвува распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласната табла и на својата интернет страница.

## 8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Во нашето училиште особено се обрнува внимание на работата со надарени и талентирани ученици. Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

Наставниците по соодветните предмети работењето со талентирани и надарени ученици го планираат на годишно ниво преку приложување на програмата за работа за додатна настава. Со овие програми се внесуваат додатни содржини во наставните програми по соодветните предмети со цел проширување на знаењата на оние ученици кои особено се истакнуваат со своите резултати во воспитно-образовниот процес и учество на разни натпревари, квизови и слични активнисти, каде ќе имаат можност да ги манифестираат своите потенцијали и капацитети. Во тој контекст, учениците земаат учество на натпревари кои се организираат на регионално, градско и државно ниво по одделни предмети, а покажуваат посебен интерес за учество на спортско-рекреативни натпревари и смотри, ликовни и музички натпревари.

Во оваа учебна година талентираните ученици и понатаму ќе се мотивираат и стимулираат за свое лично промовирање како и промовирање на нашето училиште и пошироката заедница.

| Цели | Време на реализација | Реализатори | Ефекти | Активности |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на наставниот кадар за препознавање и работа со надарените ученици;<br>Формирање на училишен тим за работа со надарени ученици | септември | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | Наставниот кадар знае постапки за препознавање и работа со надарени ученици;<br>Тим за работа со надарени ученици и индивидуализација на наставата | Работилница со наставниот кадар за препознавање и работа со надарените ученици;<br>Формирање на училишен тим за работа со надарени ученици;<br>Евидентирање на надарените ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индивидуализирање на наставата, прилагодување на методите и пристапите кон надарените ученици | октомври | Психолог Педагог Наставници | Подобрена социјализација на учениците; Подобрување на постигањата на учениците | Избор на задачи, задавање на проектна или есејска работа |
| Утврдувања на индивидуалните постигања на надарените ученици | ноември | Психолог Педагог Наставници | Определување на форми и методи за работа со учениците | Следење на работата на учениците; Увид во постигањата преку примена на инструменти |
| Подобрување во постигањата на учениците | декември | Психолог Педагог Наставници | Подобрена социјализација на учениците; Подобрување на постигањата на учениците | Анализа на постигањата на надарените ученици во работата на секциите и во реализацијата на додатна настава |
| Утврдување на индивидуални постигања на учениците | јануари / февруари | Психолог Педагог Наставници | Проценка и примена на соодветни методи и форми на работа | Следење и увид во работата и постигањата на надарените ученици |
| Утврдување на социоемоционалниот статус на надарените ученици | март / април | Психолог Педагог Наставници | Развивање на позитивни ставови кај учениците | Социометриска постапка |
| Утврдување на индивидуални постигања кај надарените ученици | април | Психолог Педагог Наставници | Реална проценка на постигањата на учениците | Следење на успехот, редовноста и ангажираноста на учениците |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата | мај | Психолог Педагог Наставници | Развој на индивидуални инструменти за вреднување на надарените ученици | Утврдување на критериуми за вреднување |
| Евалуација на програмата за надарени ученици | јуни / август | Психолог Педагог Наставници | Препораки за подобрување на индивидуалните планови | Утврдување на слаби и јаки страни |

## 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

На учениците со посебни образовни потреби им се обрнува особено внимание во нашето училиште, со оглед на фактот дека станува збор за групи ученици од хетероген состав во однос на психофизичкиот, социјалниот и емоционалниот развиток.

Учениците со посебни образовни потреби, според членот 35 од Законот за основно образование (Сл. Весник бр. 161 од 5 август 2019) се:

- Ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите,
- Ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и
- Ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини.

Во училиштето се спроведува процедурата за идентификација на деца со посебни образовни потреби, се изготвува програма за работа и индивидуален образовен план за секој ученик со посебни образовни потреби за којшто има соодветна медицинска белешка односно извршена проценка од Комисијата за процена според МКФ.

Во учебната 2025/26 година има 2 ученика со посебни образовни потреби, кои согласно член 35 од Законот за основно образование се вклучени во редовната настава. Едниот ученик е ученик во четврто одделение, а другиот ученик е ученик во седмо одделение.Согласно член 16 од Законот за основно образование директорот на училиштето формира училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план или по модифицирана наставна програма од членот 30 од овој закон. Училишниот инклузивен тим е со мандат од три учебни години и е составен од седум члена, кој го формира директорот на училиштето.

- Татјана Н. Додевска – психолог
- Кристина Ѓорѓиевска - педагог
- Драгица Апостоловска - одделенски наставник
- Ваљбона Алексиќ – родител
- Тони Цветановски- родител
- Никола Нешевски - специјален едукатор и рехабилитатор од ПОУ Иднина – Скопје.

Училиштето формираше и Инклузивни тимови за учениците за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, психологот во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор. Инклузивниот тим за ученикот во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови.

| Цели | Време на реализација | Реализатори | Ефекти | Активности |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со децата со посебни образовни потреби | август | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Успешна реализација на планираните активности | Формирање на тим за поддршка;<br>Изготвување на годишна програма за работа |
| Запознавање со бројот на ученици и видот на попреченост | септември | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Преглед и евиденција на учениците и видот на посебните потреби | Разговори со одд.наставници од III одд.и одделенски раководители VI одд. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индивидуализирање и прилагодување на наставата кон потребите на учениците | октомври | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици;<br>Континуирано следење на постигањата | Изработка на индивидуални оперативни планови за работа со учениците со посебни потреби;<br>Диференциран пристап во работата |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (прв квалификационен период) | ноември | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Евиденција на успехот и редовноста, користење на инструменти за следење и вреднување | Проценка на постигањата, дополнување на индивидуалниот оперативен план и определување на соодветни форми/методи за работа |
| Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | декември | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители<br>Родители<br>Предметни наставници | Подобрување на постигањата - подобрување на социјализацијата на овие ученици | Консултативен разговори со родителите, одд.наствници, одд.рakoвoводители и учениците |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни потреби (крај на прво полугодие) | јануари / февруари | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Проценка на постигањата;<br>Дополнување на индивидуалниот оперативен план;<br>Изнаоѓање на соодветни форми и методи за работа | Евиденција на успехот и редовноста;<br>Користење на инструменти за следење и вреднување |
| Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | март | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители<br>Родители<br>Предметни наставници | Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со ПОП;<br>Вклучување на децата со ПОП во локалната заедница | Разговори со учениците на одд.часови;<br>Разговори со родителите на родителски и индивидуални средби |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП (трет квалификационен период) | април | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Проценка на постигањата и однесувањето;<br>Изнаоѓање на соодветни форми и методи за работа | Следење на успехот и редовноста;<br>Користење на инструменти за следење и вреднување |
| Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби | мај | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Развивање на стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици | Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со ПОП согласно прилагодените индивидуални планови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со деца со посебни образовни потреби | јуни | Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Одделенски раководители | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца | Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови;<br>Изготвување на развоен план за работа со овие ученици во идната учебна година |

## 8.14 Туторска поддршка на учениците

Согласно 46 од Законот за основно образование, Министерството за образование обезбедува дополнителна поддршка за учениците по предметите кои се дел од наставниот план за учебната година во која е запишан ученикот по претходно добиена согласност од родителот, односно старателот.

Тутор-волонтер може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериуми за избор за тутор-волонтер утврдени со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот.

## 8.15 План за образовниот медијатор

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори. Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигнувањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

# 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

## 9.1 Училишни спортски клубови

Врз основа на член 16 и 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010), Основачкото собрание на здружението Училишен спортски клуб **БРАМИЛ** Миладиновци,Илинден од с. Миладиновци, на седницата одржана на ден 7.11.2016 година, донесе **Одлука за усвојување на Статутот на Училишен спортски клуб БРАМИЛ** Миладиновци, Илинден.

Претседател на спорткиот клуб е наставникот по физичко образование **Дејан Димитријевиќ.**

Основачи на Училишен спортски клуб **БРАМИЛ** Миладиновци, Илинден се:

- **Дејан Димитријевиќ**
- **Дарко Петковски**
- **Тројан Симоновски**
- **Драгица Апостоловска**
- **Татјана Насевска-Додевска**

### Цели и задачи на училишен спортски клуб БРАМИЛ Миладиновци, Илинден

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско-рекреативните активности во училиштето
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт
- Се грижи за здравствената заштита на спортистите-членови на клубот
- Го стимулира развојот на секциите и спортски школи во рамките на клубот
- Стручно усовршување на своето членство
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.
- Соработува со другите спортски организации, секции и клубови
- Пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко.

## 9.2 Секции / Клубови

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците
- Културно-уметнички активности
- Спортски активности.

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати. Задачите на слободните ученички активности се:

- да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците;
- учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување;
- да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски;
- да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

Во нашето училиште се реализираат голем број на секции, како во одделенска така и во предметна настава. Во прилог е програмата за секции / клубови за оваа учебна година.

## 9.3 Акции

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани Ефекти** | Поттикнување на хуманоста и солидарноста | Позитивно новогодишно расположение поттикнување на детската креативност | Почит и љубов кон сите жени | Развивање на еколошка свест | Развивање хуманост и позитивен однос кон другарчињата |
| **Целна група** | Ученици од I до IX одд | ученици од I до IX одд. родители, наставници | ученици, родители и други гости | ученици од I до IX одделение | Ученици од I до IX одд. родители и други гости |
| **Форми и време на реализација** | Собирна акција октомври / ноември | ученички изработки декември | ученички изработки март | собирна акција октомври / ноември | собирна акција октомври - мај |
| **Тим за следење** | Директор Дарко Петковски Драгица Апостоловска Родители | Марија Зоксимовска Билјана Смилевска Силвана Величковиќ Родители | Габи Николовска Лидија Николовска Родители | Билјана Смилевска Јелена Савова Габриела Младеновска Родители | Јованка Грозданоска Драгица Апостоловска Родители |
| **Цели** | Подигање на свеста кај учениците за хуманитарна помош за своите другари | Негување интерес за Новогодишните празници и подарување | Развивање креативност и фантазија преку изработка на честитките | Развивање на еколошка свест | Да се развие свеста за хуманост кај учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани активности** | Хуманитарна акција за собирање облека и обувки за социјално загрозени ученици | Изработка на Новогодишни честитки | Изработка на осмомартовски честитки | Еколошка акција | Организирање собирни акции (собирање алишта, учебни помагала) |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

### УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Ученичкиот парламент работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент по писмен пат.

Во однос на улогата и надлежностите според членот 68, став 6 од Законот, ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на Годишната програма за работа,
- дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во Советот на родители и Наставничкиот совет
- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено-корисна работа.

Понатаму, ученичкиот парламент исто така:

- ги донесува Правилникот за работа на заедницата на паралелките и ученичкиот парламент, Годишната програма за работа и други акти изработени од координативното тело на ученичкиот парламент;
- активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
- го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;
- поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа;
- соработува со институциите и другите организации што работат со младите;

- промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање за своите активности;
- Учествува во проектот „Безбедна училишна средина“.

Според членот 106 став 3 од Законот, “на седниците на Училишниот одбор се покануваат и во неговата работа учествуваат без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент”.

Според тоа, по воспоставувањето, ученичкиот парламент номинира, т.е. избира 2 лица (едно машко и едно женско) од својот состав за учество во Училишниот одбор, водејќи сметка за етничката застапеност.

Претставниците на ученичкиот парламент во Училишниот одбор, како и во сите други училишни тела, имаат право да земат збор и да го изразат своето мислење и став, да дискутираат за проблеми и да предлагаат решенија во насока на подобрување на севкупниот училишен живот.

# ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

- **Промовирање на детските права**

Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права примарно ќе биде реализирана преку промотивни активности (едукативни ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА 18 работилници, дебати, инфо денови итн.).

Информациите за содржината на работилниците треба да бидат обезбедени од стручната служба во училиштето (или тимот за поддршка), која треба да претставува партнер на ученичкиот правобранител.

Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права.

Ученичкиот правобранител подготвува извештаи (полугодишен и годишен) во кои ги сумира поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците во училиштето.

- **Поддршка за заштита на детските права**

Втората задача на ученичкиот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето.

Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање. Ученичкиот правобранител подготвува и доставува приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до Училишниот одбор.

Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишниот парламент и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Ученичките правобранители имаат редовни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученичкиот правобранител може да учествува во работата на ученичкиот парламент и другите тела на училиштето на кои се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Врз основа на Правилникот за начинот на изведување на екскурзии и други слободни активности на учениците во основните училишта, ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, Скопје, изготви Програма за изведување на ученички екскурзии во учебната 2025/2026 година. Програмата за изведување на ученички екскурзии во учебната 2025/2026 година ја подготви стручен тим и е дадена во прилог на оваа годишна програма.

### Цели на училишните екскурзии:

- Мултидисиплинарно и корелативно проширување и совладување на знаењата од наставните предмети-подрачја кои се изучуваат во редовната и изборната настава.
- Примена на усвоени вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина-пронаоѓање на зададени точки за ориентација, објекти на карта, ликовно творење, јазично изразување-репортажа, вештини за одржување на лична хигиена, примена на еколошки стандарди, практично изведување на спортски дисциплини
- Запознавање со природните убавини, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во поблиската и пошироката околина, во согласност со воспитно-образовната работа, наставните планови и програми за подрачјето каде се изведува екскурзијата.

### Задачи:

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

## 11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

| Вонучилишни активности | Број на ученици | одделение |
|---|---|---|
| Основно музичко училиште | 1 | VIII |
| Кошаркарски клуб | 7 | I - IX |
| Фудбалски клуб | 50 | I - IX |
| Ракометен клуб | 10 | I - IX |
| Одбојкарски клуб | 13 | I - IX |
| Училиште за глума | / | / |
| Боречки спортови | 5 | I - IX |
| Играорна | 10 | IV - IX |

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Училиштето организира училишни натпревари со цел да се детектираат учениците кои постигнуваат најдобри резултати по одредени предмети, а кои понатаму ќе се подготвуваат за општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Училишните натпревари ќе се реализираат во период од септември до јануари со цел координирање со општинските натпревари.

Со овие активности ќе се презентираат постигањата на учениците во наставата и воннаставните активности. За таа цел ќе бидат организирани натпревари на неколку нивоа и тоа: училишни, општински, градски, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари, организирани од БРО, друштва и други регистрирани надлежни организации (Совет за грижи и воспитување на децата на РСМ, Совет за безбедност на сообраќајот и др.)

Во текот на второто полугодие започнуваат организирани натпревари, најпрво училишни (помеѓу паралелки), потоа општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.

Во организацијата и спроведувањето на натпеварите се вклучуваат сите наставници чии ученици учествуваат на соодветниот натпревар при што на учениците им се обезбедува тимска поддршка од наставниците за подготовка, финансиска поддршка за реализација и поддршка од Советот на родители.

| План за реализација на ученички натпревари во учебна 2025/2026 година |
|---|
| **Одделенска настава** |
| Натпревар во поетски творби „Лирски треперења'' со ученици кои покажуваат афинитет и интерес за литературно творење – месец мај. |

| |
|---|
| Учество на Меѓународни литературни средби „Илинден 2026"- месец мај, 2026 г. – во делот за деца со натпреварувачки карактер со ученици кои покажуваат талент и успех за литературно творење.<br>Учество на општински и регионални натпревари по англиски јазик, математика и природни науки.<br>Учество на сите конкурси кои пристигнуваат во училиштето во текот на учебната година. |

| Предметна настава |
|---|
| **Учесво на Математички натпревар** |
| Училишен натпревар помеѓу одделенија со ученици кои покажале одличен успех по математика.<br>Општински натпревар по математика со учество на ученици кои освоиле најмногу поени на училишниот натпревар и учество на регионален доколку се пласираат од општинскиот |
| **Учесво на натпревар по Англиски јазик** |
| Училишен натпревар меѓу одделенија со ученици кои покажале одличен успех по англиски јазик на крајот од декември 2024 година.<br>Општински натпревар со учество на ученици кои постигнале високи резултати на училишниот натпревар. Натпреварот е организиран од страна на ЕЛТАМ во месец март, 2025 година.<br>Регионален натпревар со учество на ученици кои победиле на општинскиот натпревар. Натпреварот е организиран од ЕЛТАМ во месец април 2025 година.<br>Државен натпревар со учество на првото место од регионалниот натпревар организиран од страна на ЕЛТАМ во месец мај 2026 година. |
| **Учество на натпревар по Германски јазик** |
| Регионален натпревар по германски јазик со учество на ученици кои покажуваат особен интерес и успех по предметот германски јазик. |
| **Учество на натпревар по Историја** |
| Учество на училишен натпревар со учество на ученици кои покажуваат особен интерес и успех по историја. |
| **Учество на натпревар по Географија** |
| Општински натпревар по географија на ниво на Општина Илинден организиран од наставници од училиштата во Општината.<br>Регионален натпревар по географија во Скопје организиран од Македонското географско друштво.<br>Учество на државен натпевар по географија во еден од градовите во РСМ под услов ако се обезбеди пласман на регионалниот натпревар. |
| **Учество на натпревар по Хемиха** |
| Учество на општински, регионален и државен натпревар по хемија со ученици кои покажуваат особен интерес и успех по предметот хемија |
| **Учество на натпревар по Биологија** |
| Учество на општински натпревар по биологија организиран од наставниците по биологија од Општината во месец април/мај, 2026 година. Наградените ќе обезбедат учество на регионален и државен натпревар.<br>Учество на сите конкурси кои пристигнуваат во училиштето во текот на учебната година. |
| **Учество на натпревар по Музичко образование** |
| Учество на натпревари по музичко образование – Хорски и оркестарски смотри "Скопје 2026"<br>Општински натпревар – Хорски и оркестарски смотри „Скопје 2026" – месец април, 2025 год., организиран од ЗНМП на РСМ со ученици од хорот и оркестарот при ООУ „Браќа Миладиновци"<br>Градски натпревар–Хорски и оркестарски смотри „Скопје 2026"– месец април, организиран од ЗНМП на РСМ со ученици од хорот и оркестарот под услов хорот и оркестарот да обезбедат пласман од општинскиот натпревар.<br>Републички музички натпревар-хор и оркестар организиран од ЗНМП на РСМ. |
| **Учество на натпревар по Информатика** |
| Учество на меѓународен натпревар „Дабар“ со ученици од 1 до 9 одделение, кои покажуваат особен интерес за решавање на логички задачи. Натпреварот се организира во училиштето, во |

| |
|---|
| училница опремена со компјутери.<br>Учество на сите конкурси кои пристигнуваат во училиштето во текот на учебната година. |
| **Учество на натпревар по Ликовно образование** |
| Учество на натпревари по ликовно образование организирани од страна на Министерство за образование и наука и тековни кои пристигаат во училиштето, како и ликовни конкурси организирани од училиштето. |
| **Учество на спортски натпревар** |
| Предвидени се натпревари на општинско ниво во голем фудбал, футсал, ракомет, одбојка и атлетика, сите во машка и женска конкуренција, пинг понг, шах, велосипедизам.<br>Градски натпревари ви машки и женски фудбал, футсал и одбојка.<br>Во зависност од постигнатите резултати на градските натпревари ќе се обезбеди учество на државните натпревари.<br>За сите овие натпревари ке бидат селектирани најдобрите ученици од VI до IX одд.<br>Ученици од одделенска настава од II и III одд. и IV и V одд. ќе учествуваат на училишен натпревар во фудбал организиран од Федерација на училишен спорт.<br>Општинските натпревари се во организација на Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Илинден, градските во организација на Градскиот сојуз за училишен спорт и државните натпревари во организација на Федерација на училишен спорт.<br>Се одржуваат од Сојуз на училишен спорт на скопски регион и Сојуз на училишен спорт Илинден. |
| **Учество на натпревар по Македонски јазик** |
| Учество на училишен натпревар по македонски јазик, и литературни конкурси.<br>Учество на општински натпревар по македонски јазик организиран од наставниците по македонски јазик од Општината во месец февруари / март, 2026 година. Наградените ќе обезбедат учество на регионален и државен натпревар организиран од Сојуз на ДМЈЛ.<br>Учество na републички литературен фестивал „***Ракатки***“-Скопје за 2026 година.<br>Учество на сите конкурси кои пристигнуваат во училиштето во текот на учебната година. |

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ / ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Нашето училиште ја реализира програмата за **“Меѓуетничка интеграција во образованието”** од 2014 година, при што веќе од јуни 2014 година почна и со реализација на конкретни активности. Еден од условите за реализација на овој проект е поврзување со партнерско училиште од друг наставен јазик.
Токму затоа, нашето училиште склучи *Меморандум за соработка со ООУ „Кочо Рацин” с.Петровец.*

**Цели на проектот:**

- Зголемување на разбирањето кај поширокaта јавност за придобивките за сите граѓани што ќе произлезат од интегрирањето на образовниот систем во РС Македонија.
- Создавање на политичка, социјална и економска клима потребна за РС Македонија да постигне одржлива интеретничка интеграција во училиштата, во останатите образовни институции, па и во целото училиште.

**Мото на проектот:**

Подобрување на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки.

ООУ „Браќа Миладиновци” с.Миладиновци во текот на учебната година ќе изведува МИО активности.

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во основните училишта може да се реализираат и проекти за унапредување на воспитно-образовниот процес или за истражувачки цели.
Како дел од воннаставните активности може да се стекнуваме со средства за финансирање од учество на проекти, доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија и легати.

- **МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието)** – Се реализира во текот на целата учебна година и вклучува ученици од прво до деветто одделение. Планираните активности се реализираат во соработка со партнер училиштето ООУ„Кочо Рацин“, Петровец. Целта на проектот е да се промовира инклузивна средина за учење каде што сите ученици се еднакви без разлика на етничката припадност и јазикот кој го зборуваат.

- **Соработка со родители** – Цел на проектот е активно вклучување на родителите во работата на училиштето преку нивно учество во работилници, базари, отворени часови и хуманитарни акции. Оваа иницијатива ќе им овозможи на родителите да се запознаат со работата и функцијата на училиштето, како и со сето она што учениците го работат, нивните обврски и задолженија. Проектот е насочен кон изградба на силна врска меѓу родителите, наставниците и учениците, бидејќи овој триаголник е клучен за квалитетно образование и креирање на позитивна средина за учење. Со активно учество во различни активности, родителите ќе имаат можност подобро да ги разберат предизвиците и успесите на своите деца, како и

да придонесат кон нивниот образовен процес. Оваа соработка ќе резултира со поддршка и мотивирање на учениците, што е неопходно за нивниот успех и развој.

- **Еко проект** – Има за цел да ја подигне свеста кај сите компоненти на училиштето – ученици, родители, наставници и вработени – за важноста на зачувување на животната средина. Преку оваа иницијатива, училиштето ќе ги ангажира сите учесници во различни активности и проекти насочени кон заштита на природата.Проектот опфаќа активности како што се:
- Работилници: Каде што учесниците ќе учат за важноста на заштита на растенијата и животните, справување со отпад и рециклирање.
- Изработки: Учесниците ќе создаваат различни рачни изработки користејќи рециклирани материјали.
- Конкурси: Организирање на конкурси за најдобра еко изработка, текстови, песни и ликовни дела на тема животна средина.
- Хуманитарни акции: Акции за чистење на околината и садење дрвја.
- Отворени часови: Каде што родителите и другите членови на заедницата ќе можат да присуствуваат и да учествуваат во активностите.
- Креативно изразување: Пишување текстови и песни, ликовно творење и други форми на уметничко изразување на тема екологија.

- **Промоција на безбедна училишна средина** – е проект кој ќе се реализира и во следните две години во соработка со Coalition of youth organizations SEGA, Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi, SmartUp - Social Innovation Lab, МЦГО и финансирано од Детската фондација Песталоци.За времетраењето на проектот се подразбираат неколку фази во кои тековно се вклучуваат учениците, наставниците и родителите. Преку бројни предавања и работилници сите вклучени страни ќе имаат можност да се запознаат со видовите насилство, да го препознаат и начини за како да се справат со истото.

- **еТвининг** – учеството во еТвининг, што претставува онлајн платформа која овозможува вмрежување на учениците и наставниците од цела Европа па и пошироко, им нуди на учениците и наставниците да соработуваат со врсници и колеги од странство со што имаат можност да ги развијат своите јазични компетенции како и да ги усовршат своите ИКТ вештини и да се стекнат со многу нови. Преку овој тип на проекти од учениците се очекува да изработуваат активности на различни теми кои им се од интерес, да учествуваат на онлјан состаноци и да ги прошират своите знаења.

- **Еразмус** – аплицирање за учество во Еразмус проекти како и можноста училиштето да биде домаќин на реализација на КА1 мобилност овозможува размена на искуства од областа на образованието, техники и методи на работа како и начини за справување со тековните прашања и проблеми во училиштето. Само преку ваков начин на соработка може да се дојде до нови сознанија и идеи кои ќе овозможат унапредување на образовниот процес.
- **Медиумски клуб** - медиумскиот клуб и оваа учебна 2025-2026 година година ќе продолжи со својата работа во рамките на воннаставните активности. Во време кога младите се постојано изложени на информации од разни медиуми (социјални мрежи, вести, реклами), потребна е способност за развивање медиумска писменост која ќе им овозможи на учениците поттикнување на самодоверба и

критичко размислување за настани кои се случуваат во нашата земја или пошироко на глобално ниво.

- **EmpowerED: Дигитално самооценување за наставници и план за професионален развој“**, Тестирање на дигитална алатка - за самооценување и подготовка на ЛППТ на наставници. Спроведено од СМАРТ АП – Лабораторија за социјални иновации.
- **Проект - DIGIKIDS** - Digital Literacy and Safety for Kids in the Balkans.
- **Проект** - Интернациолна соработка со основно училиште од Р. Србија - ОШ „ Џура Јакшиќ“ од Чуприја.

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1 Постигнување на учениците

**Табела 1: успех на учениците по учебни години**

| Учебна години | Просек |
|---|---|
| 2011 / 2012 | 4,24 |
| 2012 / 2013 | 4,07 |
| 2013 / 2014 | 4,21 |
| 2014 / 2015 | 4,29 |
| 2015 / 2016 | 4,34 |
| 2016 / 2017 | 4,35 |
| 2017 / 2018 | 4,27 |
| 2018 / 2019 | 4,30 |
| 2019 / 2020 | 4,35 |
| 2020 / 2021 | 4,37 |
| 2021 / 2022 | 4,33 |
| 2022 / 2023 | 4,43 |
| 2023 / 2024 | 4,30 |
| 2024/2025 | 4,34 |

Училишниот успех кој учениците го постигнуваат по наставни предмети во текот на учебната 2024/2025 година не покажа статистички значајни разлики во однос на успехот по истите предмети кај учениците. Анализите на работењето на училиштето направени за потребите на самоевалуација на работењето на училиштето укажаа на потреба од реализација на нагледни часови како еден од начините за стручно усовршување на

наставниците и унапредување на наставата. За таа цел Стручните активи во својата програма за работа имаат планирано реализација на нагледни часови со користење на методи на активна настава и ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците (презентирани во поглавје Оценување од Годишната програма).

- **Превентивни програми**

Училишниот Тим за превенција од насилство, педагогот и психологот на училиштето за оваа учебна година изготвија Програма за работа (дадена во Прилози) во која се планира реализација на работилници и редовно одржување на состаноци на кои ќе се анализира состојбата на поведението на учениците во училиште и вон училиште. Превентивни содржини планираат сите одделенски раководители кои на одделенските часови реализираат работилници за превенција од насилство, превенција од зависности (дрога, алкохол, пушење), превенција од ХИВ и СИДА, превенција од заразни болести и работилници организирани од страна на педагогот и психологот со Ученичката заедница.

.

| Планирана програмска активност | Време на реализациј а | Реализатор | За кого се реализи ра | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Болести на зависности, Пубертет и промените во него | Во текот на целата учебна година | Претставник од здравствена установа | Предметна настава | Заштита и превенција |
| Недела на борба против пушење, алкохол и дрога и заштита од нив | Ноември | Стручно лице | Предметна настава | Мерки за заштита и превенција од болестите на зависност |
| Недела на борба против сидата | Декември | Одделенски раководител, стручни соработници | 8 и 9 одделение | Заштита од сида |

- **Позитивна социо-емоционална клима**

За учениците кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) училишниот педагог и психолог ќе реализираат индивидуални разговори и работилници. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните родители ќе се изготват акциски планови и програми за работа во зависност од видот на проблеми и потреби на учениците.

| Активност | Време за реализација | Ресурси | Соработници/ вклученост |
|---|---|---|---|
| 1.Изготвување прашалник за идентификација на учениците со емоционални потешкотии | Октомври | -Прашалник и друга помошна литература | Наставници, психолог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.Евидентирање на учениците кои манифестираат емоционални потешкотии | Континуриано | -Список на ученици со возраст | Наставници, психоло |
| 3.Примена на психолошки инструменти | По потреба | -Его опис (кој сум јас и кој сака да бидам) користење на проективни техники | Психолог |
| 4.Советодавни разговори со ученици кои манифестираат емоционални проблеми | Според потребите во текот на целата учебна година | Евидентни листови за разговор со ученици и дневник за разговорсо ученици | Психолог |
| 5.Средби и советодавни разговори со родители научениците кои манифестираат емоционални проблеми | Според потребите во текот на целата учебна година | Евидентни листови за разговор со родители и дневник за раговор со родители<br>-Едукатвни предавања на совет на родители | Психолог |
| 6.Препореки за родителите на ученици кои имаат емоционални проблеми | По потреба | -Брошури, совети | Психолог |
| 7.Препораки за наставниците за работа со овие ученици | Во текот на целата учебн а година | -Документи | Психолог |

## ПОДДРШКА НА УЧЕНИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Училиштето им овозможува на учениците организирано да ги остваруваат своите интереси преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и поддржуваат нивните програмски активности.

## ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Детската организација се грижи за создавање услови за сигурно и весело детство на нашите деца. Детската организација се вклучува во сите активности кои се организираат во училиштето и надвор од него за одбележување важни историски датуми од нашата и од светската историја, ангажирање на учениците во слободното време, поттикнување на другарството, соработката и солидарноста.

**Одговорни наставници: Јованка Грозданоска**

| ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Избор на раководства на детската организација | септември | Одговорни наставници и ученици | Излагање и дискусија | Избор на членови по предлог на учениците |
| Прием на првачињата во Детската организација;<br><br>Активности и одбележување на Детската недела со собирање доброволен прилог<br><br>Прослава на Светскиот ден на детето<br><br>Реализирање активности за одбележување на Светската недела (ученици во улога на наставници) | октомври | Одговорни наставници и ученици | Излагање, дискусија, реализација на часови, хуманитарна акција | Развивање на увство за припадност, дружење, хуманост |
| Активности во училиштето за следење на успехот на учениците<br><br>Изложба од природни материјали<br><br>Разговор и советување на учениците со послаб успех | ноември | Одделенски раководители од I до V одделение | Презентација, статистички анализи, дискусија, посета на фестивал | Навика за посета на културни манифестации<br><br>Развивање на чувство за помош |
| Организирање на новогодишен хепенинг<br><br>Изработка на детски честитки од природни материјали | декември | Одделенски раководители од I до V одделение | Новогодишна приредба | Весело расположение, дружење и забава, успешна реализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготовки и реализација на забава по повод завршетокот на прво полугодие | декември | Одделенски раководители од I до V одделение | Солидарност и меѓусебна поддршка | Хуманитарна приредба |
| Организирање модна ревија на детски креации | февруари | Одделенски раководители од I до V одделение | Модна ревија | Дружење и развивање на соработката меѓу учениците |
| Изработка на честитки за претставничките од локалната заедница за празникот 8 Март<br><br>Еколошка изложба од материјали за рециклирање | март | Одделенски раководители од I до V одделение | Изложба, креативни работилници | Зголемување на креативноста на учениците<br><br>Поттикнување на еколошката свест |
| Учество во организација на маскенбал во рамките на училиштето<br><br>Разговор и советување на учениците со послаб успех | април | Одделенски раководители од I до V одделение | Маскенбал, советувања, разговори, Велигденски базар | Развивање на натпреварувачки дух, дружење и забава<br><br>Подобрување на училишниот успех |
| Учество во организација на активности за одбележување на Патрониот празник на училиштето | мај | Наставници, ученици | Организација на прослава на патрониот празник на училиштето | Промоција на работењето на училиштето и успесите |
| Анализа на работата на детската организација<br><br>Презентација на постигањата пред учениците, родителите, наставниците<br><br>Подготовка на програма за наредната учебна година | јуни | Одговорни наставници, ученици | Ученици | Желба за членство во Детската организација |

## ПОДМЛАДОК НА ЦРВЕН КРСТ

Во ПЦК членуваат сите ученици од I до IX одделение од централното и подрачните училишта. Едно од основните начела во работата на оваа организација е развивање на солидарноста, помагање на сите луѓе без разлика на расната, верската и етничката припадност.

**Одговорен наставник: Драгица Апостоловска**

| Црвен крст | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Избор на одделенски одбори од членови на ПКЦ | септември | Одделенски раководители | Дискусија | Мотивирање на учениците за |
| Свечен прием на првачињата во организацијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина<br><br>Годишно собрание и избор на ново раководство на училишниот ПЦК<br><br>Акција за собирање храна и одбележување на Меѓународниот ден на гладните | октомври | Одделенски наставници, класни раководители | Групна работа | Поттикнување на интерес кај учениците за членство во организацијата<br><br>Информирање за значење на органиација на Црвениот Крст |
| Активности за одбележување на месецот за борба против болестите на зависност: пушење, алкохол, дрога | ноември / декември | Одделенски раководители, педагог и психолог | Предавање и групна работа | Превенција од болести на зависност: пушење, алкохол, дрога |
| Одбележување на Светскиот ден на детето | ноември | Активисти на подмладокот на Црвен Крст, психолог, одговорни наставници | Фронтална | Развивање на свест за Детските права |
| Одбележување на 17 Март- Светскиот ден на крводарителите | март | Одделенски раководители | Предавање и групна работа | Едукативни придобивки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 7-ми Април-Светскиот ден на здравјето<br><br>Хуманитарни собирни акции: Од децата за децата<br>Предавање од стручно лице за ученици и родители | април | Активисти на подмладокот на Црвен Крст, одделенски наставници, класни раководители | Предавање и групна работа | Стекнување на знаења за основањето на Црвен Крст и Црвената полумесечина и нивната улога во светот |
| Одбележување 8 Мај - Меѓународен ден на Црвениот Крст и Црвената полумесечина | мај | Активисти од Црвен Крст на град Скопје | Предавање и групна работа | Едукација на учениците и подигање на јавната свест |

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Главна цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, физички и социјално здрава личност способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето. Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница.

Стручната служба, одделенските раководители и наставниците по биологија во своите програми за работа планираат реализација на програми за здравствена едукација, здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности и СПИ.

### 15.1 Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите/старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците.

Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители односно старатели во избор на средното училиште,педагогот и психологот во училиштето користат алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализираат програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот.

### 15.2 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат и самите ученици преку индивидуални и групни активности. Во рамките на оваа програма училиштето ќе оствари соработка со установите за безбедност преку одржување на едукативни

работилници за учениците. Соработката со овие институции ќе продолжи и оваа учебна година.

Во рамките на програмата за соработка со родителите, ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се допринесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците.

Училиштето континуирано ја следи редовноста на учениците и тоа според пол, етничка припадност и по наставни предмети. Прави анализа, изработува полугодишен и годишен извештај за својата работа, работата на родителите и стручните соработници.

Проектот "Заедно за училишта без насилство" се реализира од учебната 2011/2012 година, неговата реализација ќе продолжи и во оваа учебна година. Проектот се реализира во соработка со Советот на родители, Заедница на ученици, наставниот кадар, педагогот и психологот.

Членови на тимот за превенција од насилно однесување се: директор на училиштето Дарко Петковски, психолог Татјана Н.Додевска, педагог Кристина Ѓоргиевска, наставник по англиски јазик јазик Емилија Стојановска, наставник по биологија и хемија Александра Стоевска, одделенски наставници Лидија Николовска и Габриела Младеновска, родител, претставник од Училишен одбор Менка А.Ѓошевска.

## Антикорупциска едукација на учениците
## Конкретни цели и активности

| Содржина | Цели | Вид на активност | Активности |
|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупција и антикорупција | Да се согледаат предзнаењата на улениците | Прашалник за ученици | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |
| Причини и последици од корупција | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност<br><br>Да знаат за облиците во кои може да се појави корупција и начинот на спречување и заштита од истата<br><br>Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност<br>Дискусија<br>Кусо предавање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност<br><br>Да знаат за облиците во кои може да се појави корупција и начинот на спречување и заштита од истата<br><br>Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Предавање и вежби | Предавањее<br>Power point<br>Презентација<br>Дискусија<br>крстозбор |
| Активна борба против корупцијата | Да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата<br><br>Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност<br>Дискусија<br>Кусо предавање |
| Активна борба против корупцијата | Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата<br><br>Да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација<br><br>Да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото | Работилница | Дискусија<br>Презентација<br>Фокус групи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | општество | | |
| Утврдување на знаељата за корупција и антикорупција | Да се утврдат знаењата на учениците<br><br>Да се види дали учениците научиле од проектот “Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта” | Прашалник за учениците и активности за повторување | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |

**Изработиле**
Училишен тим од наставници и стручни соработници

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се реализира според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки.
- Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.
- Учениците кои се опфатени во вториот период IV - VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки.
- На крајот од првото, третото тримесечје како и на полугодието добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.
- Учениците кои се опфатени во третиот период VII - IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

Секој наставник води досие за учениците коешто содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното портфолио на наставникот. Во професионалното портфолио на наставникот исто така се вклучени и планирањата и преземените активности за реализација на редовната настава и вонnаставните активности.

Во училиштето се формирани комисии за оценување кои се составени од претседателите на Стручните активи.

## 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, педагог, психолог и претседатели на стручните активи.
Тимот изготвува процедура за поплаки и жалби по добиените оценки на учениците.

### Цели на оценувањето

- Унапредување на оценувањето на учениците со посебни образовни потреби
- Објективно и континуирано оценување на учениците со цел повисоки резултати.
- Активности за реализација на целта “Објективно и континуирано оценување на учениците”

## 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар

Директорот, педагогот и психологот, со претходно изработените инструменти реализираат посета на наставните часови и воннаставните активности во основното училиште во текот на првото и второто полугодие од учебната година. Во училиштето постојат три стручни активи и тоа: одделенска група, општествено-јазична група и природно-математичка група.

Одговорните наставници изработуваат записници и извештаи за квалификациони периоди од учебната година.

## 16.4 Самоевалуација на училиштето

Согласно одредбите на член 129 став 2 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ООУ „Браќа Миладиновци” с. Миладиновци, донесува Одлука за формирање на комисија за самоевалуација на училиштето.Комисијата врз основа на изготвениот план ќе спроведе самоевалуација за утврдување на квалитетот на работата на основното училиште и истата ќе биде доставена до Државен испитен центар.

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето има план за заштита и спасување на учениците и вработените од природни непогоди и други несреќи и Протокол за мерки и активности за грижата на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во ООУ „Браќа Миладиновци” Миладиновци, Општина Илинден.

Во случај на евентуален пожар или друг вид на загрозеност обезбедени се прописни излези за вработените и учениците при што е овозможена евакуација преку ходниците и скалите од подрумот, приземјето и спратот.
Во планот за евакуација точно се утврдени и назначени правцот на движење, излезите, просторот за ПП-апарати, сандачиња за прва помош, ѕиден хидрант и зборно место.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот за планирање | септември | Тим за заштита и спасување | Консултации | Успешна реализација и размена на искуства |
| Предавање на вработените за заштита и спасување | ноември | Тим за заштита и спасување | Консултации | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност и евакуација - предметна настава | март | Тим за заштита и спасување, вработени и ученици | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Вежбовна активност и евакуација - одделенска настава | април | Тим за заштита и спасување, вработени и ученици | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности | мај | Тим за заштита и спасување | Консултации, стручни активи | Реализирање на програмата и активностите за заштита и спасување |

# ПРОТОКОЛ

**за мерки и активности за грижата за физичка безбедност и здравјето на учениците и вработените во ООУ „Браќа Миладиновци“ Миладиновци, Општина Илинден**

- Директорот на ООУ „Браќа Миладиновци” Миладиновци, Општина Илинден е задолжен за спроведување на мерките и активностите за грижата за физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во ООУ „Браќа Миладиновци“ Миладиновци и истите ги сроведува во соработка со овластениот работник од органот на државната управа за внатрешни работи.

- Опфатот на физичкото загрозување, мерките и активностите се однесува на училишната зграда и на опфатот на училишниот двор.

- Под **видови на загрозувања** на физичката безбедност се подразбира:

  - Пораки добиени на официјалната електронска адреса на ООУ „Браќа Миладиновци” Миладиновци кои се со содржина за загрозување на физичката безбедност на учениците и вработените во училиштето;
  - Пратки добиени со редовна пошта, кои не се дел од официјалната комуникација со државните органи, општината, родителите и старателите на учениците;
  - Предмети оставени или лоцирани во училиштето или дворот со непозната содржина или предмети за кои не може да се утврди сопственикот;
  - Забележано присуство на лица кои не се ученици, вработени во училиштето, родители или старатели и овластени лица со легитимација од Општината, државните органи и компаниите за обезбедување на училиштето;
  - Неовластено присуство на возила кои не се дел од возниот парк на училиштето, вработените, родителите или старателите, органите на Општината и државните органи
  - Забележано неовластено оштетување на влезовите, надворешноста на училиштето или заштитната ограда на училиштето и
  - Други видови на нарушување на безбедноста на училиштето.

- По добиени сознанија од точка 3, а во согласност со точка 1 и точка 2 од овој Протокол, Директорот на ООУ „Браќа Миладиновци” с. Миладиновци ги презема следните **мерки:**

  - Веднаш го контактира овластениот работник од органот на државната управа за внатрешни работи и заедно со него присуствува додека овластениот работник врши процена на ризик во однос на моменталната ситуација.

  - Во случај директорот да е отсутен од училиштето поради службени или приватни причини, должен е претходно да овласти лице вработено од стручната служба на ООУ „Браќа Миладиновци” с. Миладиновци во периодот на негово отсусутво ќе може да ги спроведува односно презема мерките во соработка и координација со овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи.
  - Место за евакуација на учениците и вработените во ООУ „Браќа Миладиновци” с. Миладиновци е простор кој се наоѓа надвор од училиштето и училишниот двор односно просторот пред влезот на училишниот паркинг на

ООУ „Браќа Миладиновци" с. Миладиновци и тоа претставува единствен простор на кој е потребно учениците и вработените да бидат евакуирани.

Евакуацијата се спроведува исклучиво по наредба за евакуација која ја издава овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи, **освен** во случај каде поставената експлозивна направа или опасно средство е очигледно.

- Во однос на понатамошниот тек за организација на наставата и работата на стручната служба, директорот одлучува во согласност со препораките кои ќе ги добие во тој момент од овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи, а воедно директорот ги следи неговите насоки како и насоките добиени од основачот на училиштето.

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

### 18.1 Хигиена во училиштето

Главна цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, физички и социјално здрава личност способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.

### 18.2 Вакцинирање

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето.

### 18.3 Систематски прегледи

Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого се реализира | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Систематски преглед и ревакцина MRP | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Прво одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Систематски преглед | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Трето одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Ревакцина DT и POLIO | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Второ одделение | Заштита и превенција |
| Ревакцина Tetanus иPoliomielitis | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Осмо одделение | Заштита и превенција |
| Вакцина HPV за девојчиња прва доза | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Седмо одделение | Заштита и превенција |
| Залевање на трајни заби | Септември/октомври | Претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање и резалевање на трајни заби | Октомври /ноември | Во амбуланта со претставн- ици од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање на трајни заби како и проверка на залевањето | Ноември/ декември | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање на трајни заби и проверка на залевањето | Февруари /март | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање на трајни заби како и проверка на залевањето | Март/април | Во амбуланта со претставници од здравствени установи | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Залевање и резалевање на прв траен молар | Април/мај | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Систематски преглед, залевање на први трајни молари и издавање на медицински белешки за упис во прво одд. | Мај | Во амбуланата | ученици | Заштита и превенција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на школски деца преку работилници,, Градба и функција на орална празнина | Октомври | Во училиште | Деца од 6 до 9 год. | Едукација на ученици и мерки за заштита и превенција |
| Работилница ,,Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери“ | ноември | Во училиште | Деца од 6 до 9 години | Едукација и мерки за заштита и превенција |
| Работилница „Правилна орална хигиена“ | Февруари | Во училиште | Деца од 6 до 9 години | Едукација на учениците за правилн орална хигиена |
| Работилница „Редовна посета на стоматолог и употрба на флуориди во превентивни цели“ | март | Во училиште | Деца од 6 до 9 години | Мерки за заштита и превенција |
| Осигурување на учениците | Септември | Училиште | 1- 9 одделени | Надомест при евентуални повреди |
| Исхрана во училиште<br>- правилна исхрана<br>-болести на исхраната<br>-здрави навики во исхраната<br>- квалитет на достапна храна | Септември | Училиште | 1-9 одделение | Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето |
| Вакцини | Во текот на учебната год. | Претставник од здравствена установа | 1-9 одделение | Заштита и превенција |
| Систематски прегледи | Во текот на учебна год. | Претставник од здравствена установа | 1-3-5-7 одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| -предвавања за: Заштита на забите, Заразни и преносливи болести, грип, хепатит и ТБЦ | Во текот на целата учебна година | Претставник од здравствена установа | Предметна настава | Заштита и превенција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предавање на тема: Заразни болести и заштита од истите | Октомври | Стручно лице | 1-9 одделение | Како да се заштитиме од заразни болести |
| Одржување на личната хигиена на ученици; хигиената во домот и училиштето | Во текот на целата учебна год. | Наставници од одделенска и предметна настава | 1 – 9 одделение | Подобрување на личната хигиена, хигиената во домот и училиштето |
| Предавање на тема- Грип и превенција од грипот- | Декември | Одд. наставници Стручно лице | 1 – 9 одделение | Мерки за заштита и превенција од грип |
| Стоматолошки прегледи Залевање на заби | Март | Амбуланта | 1 одделение | Заштита и превенција на забите |
| Превенција од насилство | Април | Претставници од полициска станица | 6-9 одделение | Заштита и превенција од насилство |
| Одбележување на 7 април- Светскиот ден на здравјето | Април | Наставници од одделенска и предметна наст | 1 – 9 одделение | Негување и чување на здравјето на учениците |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми- хронично болни | Континуирано | Наставници и педагог | 1 – 9 одделение | Да им се помогне на учениците со здравствени проблеми |

## 18.4 Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Стручната служба, одделенските раководители и наставниците по биологија во своите програми за работа планираат реализација на програми за здравствена едукација, здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности и СПИ.

Во текот на учебна година ќе се реализираат активности од кампањата “Здрава храна за детство без мана”. Кампањата има за цел да ја подигне свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездравата храна.

За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, продажни акции на здрава храна, изработување на ликовни и пишани творби, едукативни предавања за правилна исхрана итн.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 19.1 Дисциплина

Воспитно-образовниот процес во училиштето се одвива согласно Кодексите на однесување на учениците, наставниците и родителите, кои се изработени со учество на претставници од сите структури и донесени според Законот за основно образование. Училиштето следи Правилници кои ги дефинираат постапките за пофалување, наградување и санкционирање при прекршување на правилата.

Климата во училиштето се базира на добри односи меѓу наставниците, родителите и учениците. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на стимулативна атмосфера и дисциплина, постигнувајќи ја преку професионална соработка.

Односот меѓу наставниците и учениците се темели на меѓусебно почитување и соработка, со активна грижа за безбедноста и здравјето на учениците, како и за добрите односи меѓу нив. Се назначуваат одговорни наставници за дежурство во двете смени, вклучително и контрола во ходниците, училниците, санитарните јазли и други простории, како и во училишниот двор од отворање до затворање на училиштето. Водена е писмена евиденција за дежурните наставници кои ги бележат тековните настани за време на одморите.

За надминување на проблемите со поведението и дисциплината се водат разговори помеѓу учениците, наставниците, стручните соработници и по потреба родителите, со цел подобрување на дисциплината и воспоставување на работна атмосфера на часовите. Педагошките мерки се изрекуваат праведно и еднакво за сите ученици според Правилникот и Критериумите.

Учениците се чувствуваат безбедно и прифатено од вработените во училиштето.

### 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за уредувањето и одржувањето на просторот и околината на училиштето. Се внимава уредувањето да биде функционално и естетско, така што сите кои престојуваат во училиштето да се чувствуваат пријатно, истовремено почитувајќи го мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците заедно се грижат за ентериерот на училниците, прилагодувајќи го просторот според предметите кои се изучуваат во текот на целата учебна година.

Тимот за естетско уредување, заедно со учениците, е одговорен за уредувањето на холовите и ходниците според изготвената програма. Останатите простории се опремени согласно нивната намена.

Се води грижа и за училишниот двор, одржувајќи ги зелените површини, засадувајќи садници и цвеќиња, и одржувајќи ги поставените клупи. Сите вработени, заедно со учениците, преку организирани акции во одредени периоди од учебната година придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

## 19.3 Етички кодекс

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите учесници во образовниот процес. Кодексите се усогласени со Законот за основно образование и се изработени со учество на сите релевантни страни. Повремено се прегледуваат и дискутираат за можни измени и дополнувања.

Кодексите јасно ги дефинираат правилата кои треба да се почитуваат. Училиштето располага со правилници кои ги опишуваат постапките при прекршување на правилата пропишани во кодексите. Постојат кодекси на однесување за наставници, ученици и родители.

Еко-кодексот ја дефинира мисијата на училиштето и претставува заеднички став и правилник на однесување за сите вклучени во Програмата. Тој на јасен и декларативен начин ја покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите за учење и работа.

Еко-кодексот содржи конкретни акции, пораки и правила на кои ќе се придржуваат сите ученици, училишниот персонал и сите вклучени во Програмата. Тој се истакнува на видливо место и редовно се обновува со информации на годишно или полугодишно ниво.

| **Директорите и стручните соработници во училиштето прифаќаат:** |
|---|
| Да создаваат култура на правично и фер оценување во училиштето.<br>Да ги заштитуваат правата на приватност во оценувањето.<br>Да спречат евентуална злоупотреба на резултатите од оценувањето на учениците.<br>Да обезбедат правен процес на жалби во врска со оценувањето.<br>Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме така да се однесуваме. |
| **Наставниците прифаќаат:** |
| Да бидаат непристрасни, објективни, позитивни,отворени и подготвени да им дадат поддршка и помош на учениците во процесот на оценување.<br>Со своето однесување во процесот на оценување да промовираат високи морални вредности и да бидат пример за учениците.<br>Да ја избегнуват секоја ситуација што може да претставува конфликт на интереси непристрасно и непринципиелно однесување во процесот на оценување.<br>Да одбијат секаков вид интервенција или поткуп понуден со цел да дадат оценка поголема од заслужената.<br>Да се спротивстават на неетичко однесување на други субјекти во оценување ученици, родители и колеги.<br>Во процесот на оценувањето да ја почитуваат личноста на ученикот и неговите родители.<br>Да водат грижа за приватноста на ученикот и сознанијата за неговото учење, да не ги споделуват со лица кои не се дел од процесот на наставата.<br>Да соработуваат со колегите со цел да се подобри оценувањето.<br>При оценувањето да не прават дискриминација на учениците по било која основа ( национална, верска, полова, расна, социјална состојба и сл.). |
| **Родителите прифаќаат:** |
| Да го поддржуваат учењето на своите деца преку залагање за фер оценување.<br>Да се воздгнат од активности кои неоправдано би ги довеле нивните деца до поовластена положба во оценувањето во однос на другите деца.<br>Да ги почитуваат професионалните односи и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца.<br>Кај своите деца-ученици да почитуваат чесен и фер однос и со своето однесување во врска со оценувањето на постигањата на учениците да им бидат пример за тоа.<br>Кај своите деца да ги препознаваат и спречуваат евентуалните обиди со недозволени постапки да добијат поволна оценка од објективно утврдената.<br>Секој кој ја проценува етичноста на своите постапки сврзани со оценувањето на учениците ќе има предвид како тоа го засега не само некој конкретен ученик, туку и другите ученици.<br>Во подигање на етичноста во оценувањето етички е ако секој појде од себе. |

| Учениците прифаќаат: |
|---|
| Да се залагаат за праведно и фер оценување на сите ученици и да се спротивставуваат на појави кои доведуваат до необјективно оценување.<br>Да ги почитуваат барањата и договорените процедури во врска со оценувањето и да се информираат за последиците од нивното непочитување.<br>Да не поставуваат неприфатливи барања во врска со оценувањето на нивните постигања<br>Да ги почитуваат советите на наставниците поврзани со оценувањето и учењето.<br>Да не се служат со недозволени постапки во текот на презентирањето на бараните знаења и вештини и да одбегнуваат да вршат какво било влијание (непосредно или посредно) со цел некој ученик да се здобие соповисока оценка од реално заслужената. |
| **Службениците во институциите надлежни за образованието на државно и локално ниво прифаќаат:** |
| Да обезбедуваат навремено подготвување и донесување на квалитетни нормативни акти (закони,правилници,упатства и др.) со кои се регулира оценувањето на напредокот на учениците и да се грижат за нивната доследна примена во практиката.<br>Навремено и непристрасно да реагираат на приговори, жалби, молби и слично во врска со оценувањето за чие разрешување се надлежни, а кои се поднесени од учениците и нивните родители.<br>Информациите (резултатите) од оценувањето што им се службено достапни, да не ги користат за ненаменскицели и на начин кои би произвеле негативни последици за учениците или би довеле до несоодветни одлуки во образованието.<br>Професионалната позиција да не ја користат во приватни цели, поврзани со оценувањето во некое училиштеили на некој ученик. |
| **Еко кодекс** |
| Не го фрлај ѓубрето!<br>Со фрлање на отпадот ја уништуваме убавината на природата, ја загадуваме водата, воздухот и сосамото тоа си правиме зло.<br>Во природата не оставај ништо освен траговите од своите стапала.<br>Дозволете и на почвата да дише, не ја гушете во отпад!<br>Рециклирањето на отпад значи да ја чуваш природата.<br>Кога го фрлаш ѓубрето, користи вреќи.<br>Подобро денес да бидам активен, отколку во иднина да бидам радиоактивен.<br>Сé што е во природата е дел од нас. Затоа чувајте ја природата!<br>Запомни! Чист воздух, чиста вода, чиста почва – значи здравје! |

## 19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Односите меѓу сите структури во училиштето се одржуваат преку континуирана отворена комуникација, транспарентност во работата и грижа за секој вработен. Училиштето организира неформални дружења во текот на годината, со што се зајакнува социјалната клима во училиштето.

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Во интерес на професионалниот развој на вработените во нашето училиште извршена е анкета на вработените за нивните потреби за професионален развој (посета на обуки и семинари). Од извршеното анкетирање на наставниците се добиени следните податоци:

- Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици.
- Настава за развивање критичко мислење кај учениците.
- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување

## 20.2 Активности за професионален развој

Наш приоритет е да обезбедиме квалитетна и модерна настава. За таа цел, наставниците ќе посетуваат обуки и семинари организирани од МОН, БРО, УСАИД и други, како и обуки од акредитирани здруженија за управување со училницата и создавање позитивна социо-емоционална клима во училницата.

По завршувањето на обуките, семинарите и работилниците, ќе се изработуваат акциони планови, ќе се врши дисеминација на проектите, ќе се подготвуваат извештаи и ќе се прави евалуација. Од евалуацијата ќе се утврдуваат следните приоритети за професионален развој.

## 20.3 Личен професионален развој

Личниот план се води според образецот даден во Правилникот за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Планот е составен од три дела: Планирање на професионален развој, Реализација на професионален развој, и Согледувања и препораки за реализацијата на личниот план.

Делот за Планирање на професионалниот развој, наставникот или стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува до тимот за професионален развој во училиштето најдоцна до 10 септември за тековната учебна година, во хартиена или електронска форма.

Делот за Реализација на професионалниот развој, наставникот или стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува до тимот за професионален развој во училиштето најдоцна до 30 јуни за тековната учебна година, во хартиена или електронска форма.

## 20.4 Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето се одвива преку хоризонтално учење (наставниците учат едни од други), што подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења и размена на професионални искуства, како внатре во училиштето, така и меѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е особено важна тимската работа во училиштето, која овозможува создавање и развивање на нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

Професионалниот развој на наставниот кадар вклучува планирање и организирање на разни обуки, семинари, работилници, дисеминации и слични активности со цел надградба и унапредување на наставниците, како и запознавање со нови методи и пристапи за подигање на нивото на наставата во училницата. Овој процес е познат како хоризонтално учење, со кое наставникот напредува професионално и како стручно лице. Меѓутоа, овој напредок не значи унапредување во повисока позиција, туку само професионален раст и поголем успех во реализацијата на наставниот процес.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и надгледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на целата година | Адекватен избор на форми методи, техники и наставни средства |
| Размена на дневни подготовки, надгледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на целата година | Користење соодветни ресурси во наставата<br><br>Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на целата година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализм от |

## 20.5 Кариерен развој на воспитно – образовниот кадар

Професионалниот развој не се однесува само на акумулација на нови знаења, туку и на нивната примена во практиката и подготвеност за внесување промени во начинот на работа, односот кон учениците, колегите и родителите, како и во начинот на комуникација во училиштето. Овој процес води и до кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар.

За едно училиште да биде сметано за добро, мора постојано да постигнува добри резултати и да ја унапредува својата работа. За да се постигне тоа, сите учесници во училиштето треба да учат и да се подобруваат, вклучувајќи ги не само учениците, туку и вработените. Еден од клучните услови за едно училиште да биде ефективно е да се грижи за професионалниот развој и напредување на својот кадар.

Професионалниот развој подразбира:

- Учење,
- Подготвеност за промени,
- Подготвеност за решавање на специфични стручни проблеми,
- Промени во однесувањето и работата,
- Промени во процесот на поучување,
- Напредување на кадарот,

- Чувство дека личноста е почитувана и ценета на своето работно место.

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки и дисеминации на новини кои ќе ги реализираат нашите наставници за своите колеги од централното и подрачните училишта. Во согласност со финансиските можности на училиштето, се планира и посета на обуки кои ги одржуваат овластени обучувачи.

## 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИ / СТАРАТЕЛИ

### 21.1 Вклученост на родителите / старателите во животот и работата на училиштето

Семејствата и родителите на нашите ученици редовно се информирани и активно вклучени во сите активности кои ги планира и реализира училиштето. Родителите добиваат информации за работењето на училиштето преку индивидуални и групни родителски средби, состаноци на Советот на родители, и преку брошури за родители. Тие учествуваат во организација на спортски манифестации, ликовни изложби, приредби, излети и научни посети, како и во декорирање и украсување на училиштето. Родителите, исто така, придонесуваат преку реализација на предавања за унапредување на здравјето од страна на лекари и стоматолози, и учество на експерти во наставата.

Соработката со семејствата на учениците е од клучно значење за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и редовноста на учениците. Континуираната и редовна комуникација помеѓу одделенските раководители, наставниците и психологот со родителите придонесува за надминување наројавените проблеми.

Одделенските раководители и психологот навремено ги информираат родителите за индивидуалниот напредок на нивните деца, нивната социјализација, адаптација и евентуални проблеми. Родителите имаат увид во начинот и условите на работа во училиштето, напредокот на учениците и тековните проекти.

Информирањето и соработката меѓу училиштето и родителите се остваруваат преку општи и индивидуални родителски средби, телефонски и писмени контакти, состаноци на Советот на родители, советувања на родители и ученици, посети на отворени часови, работилници со родители на критични групи ученици, и вклучување во проекти и работилници организирани од училиштето.

### 21.2 Вклученост на родителите / старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Работата на Советот на родители придонесува за подобрување на условите за работа и унапредување на наставата и воннаставните активности во училиштето. Во Советот на родители е вклучен по еден претставник од секое одделение. Советот се ангажира за подобрување на успехот и однесувањето на учениците, за односите меѓу учениците и наставниците, за намалување на изостаноците, и за осовременување и прилагодување на наставата на потребите на учениците.

### 21.3 Едукација на родителите / старателите

Родителите редовно се информираат, како усно така и писмено, за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на своето дете, а во соработка со нив се работи за помош на ученикот да ги надмине проективните предизвици. Преку соработка на одделенскиот раководител со психологот, родителите се редовно информираат за индивидуалниот напредок на својот ученик, неговата социјализација, адаптација и детектираните проблеми. Родителите и семејството имаат прозорец во начинот и условите за работа во училиштето, реализацијата на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се спроведуваат. Соработката со родителите се одвива преку различни активности како општи родителски средби, индивидуални средби, телефонски и писмени контакти, посети од одделенскиот раководител, психолог или директор, учество во состаноци на Советот на родители, советување на родители и ученици, работилници со родители на критични групи ученици, информирање и вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Комуникацијата со јавноста игра клучна улога во оперативата на модерното училиште, што е одличен показател за транспарентноста на неговите активности во 21 век. Нашето училиште систематски реализира културни, образовни и воспитни активности за жителите и работниците во локалната заедница. Преку овие активности и соработката со други учебни и воспитно-образовни институции, претпријатија и останати установи во локалната заедница, нашите ученици ги претставуваат своите работи, знаења и постигнувања преку медиумите, кон пошироката јавност и до Општина Илинден.

### Соработка со воспитно- образовни институции и други организации од областа на културата, стопанството и јавниот живот

Училиштето остварува соработка со различни институции и организации како што се училиштата во Општината и другите општини во градот Скопје и други градови, БРО, МОН, ДИЦ, Државниот просветен инспекторат, Секторот за основно образование, здравствените установи во локалната заедница, Црвениот крст на Република Северна Македонија, како и разни други организации што функционираат во околината.

Планирана е реализација на различни заеднички активности помеѓу нашето училиште и училиштата во Општина Илинден, вклучувајќи работилници, квизови на знаења, турнири, спортски натпревари, еколошки акции, и наставни часови кај различни институции. Целта на овие активности е да се подобри пријателството меѓу учениците, да се размени знаења и да се поттикне мултикултурната соработка на претставниците од различни заедници што живеат во овој регион.

Училиштето соработува и со Детското село, Центарот за социјала работа, Центарот за ментално здравје и МКФ, за помагање на учениците кои имаат проблеми поради дисфункционални семејства.

Дополнително соработката е проширена со Филолошки факултет, катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”, Скопје, Национална агенција за образовни програми и мобилност и Прва детска амбасада Меѓаши.

## Училиштето комуницира и соработува со повеќе субјекти:




## Соработка со Општина ИЛИНДЕН

Општината Илинден годишно ја засилува и продлабочува соработката со училиштата на својата територија. Андријана Пешевска, претставник во Училишниот одбор од Општината, редовно присуствува на јавни настани што ги организира училиштето, ги следи активностите на училиштето и учествува во работата на Училишниот одбор. Градоначалникот на Општина Илинден, г. Александар Георгиевски, заедно со општинските советници, активно ги поддржуваат истражувањата кои ги организира училиштето. Градоначалникот и Општинскиот просветен инспекторат вршат редовни проверки на условите за работа во училиштата, со цел да ги подобрат активностите и да гарантираат законитост во нивното функционирање.

## Соработка со локалната заедница

Училиштето планира да развие соработка со локалната заедница, вклучувајќи го локалното население и родителите во изведбата на училишните проекти, еколошките акции, унапредувањето на наставата и промоцијата на својата работа. Овие активности ќе се спроведуваат преку различни форми на групна работа како состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалната средина, како и организирани собири и дружења во училиштето по повод одредени настани. Целта е да се промовираат постигнатите резултати преку различни канали, вклучувајќи усна и писмена информација, изложбени паноа, учество во медиумите и електронска комуникација.

## Соработка со институции од областа на културата

Ќе ги следиме објавените литературни и ликовни конкурси и натпревари и ќе учествуваме во нив, како и во посети на културно-историски споменици, музеи, библиотеки, Дом на културата и кино-сали. Нашето училиште ќе биде дел од Литературното матине организирано од Општина Илинден, ќе посетуваме театри, филмски проекции и театарски претстави за најмладите во текот на учебната година. Со задоволство ќе учествуваме во сите културни настани на кои нашето училиште е покането.

## Институции од областа на образованието

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Активности | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на Музеј на илузии | септември | Наставници | Запознавање со физички појави | Продлабочување на знаење за физичките појави |
| Посета на природно – научен музеј | октомври | Предметен наставник | Запознавање со флората и фауната | Продлабочување на знаење за флората и фауната |
| Посета на Ботаничка градина | ноември | Наставници | Запознавање со флората и фауната | Продлабочување на знаење за флората и фауната |
| Посета на музеи | декември | Ученици, одговорен наставник | Запознавање со активностите во детската градинка | Поттикнување на интересот за професијата воспитувач |
| Посета на Македонската филхармонија | февруари | Ученици, одговорен наставник | Следење на класично дело<br><br>Запознавање со елементите, инструментите и оркестарот | Поттикнување на интересот за уметност и класична музика |
| Посета на хидрометеоролошки завод | март | Ученици, одговорен наставник | Запознавање со временски појави и нивни карактеристики | Продлабочено знаење за временските појави |
| Посета на планетариум | април | Ученици, одговорен наставник | Запознавање со елементите на вселената и нивните одлики | Продлабочено знаење за вселената |
| Посета на драмски театар | мај | Ученици, одговорен наставник | Следење на драмска претстава, запознавање со елементите на драмско дело | Поттикнување интерес кај учениците за драмска уметност |

## Невладини организации

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале:

- Илинден
- Младински културни центри
- Еколошки друштва

## Спортски друштва

Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште соработува со голем број спортски друштва:

- Сојуз на училишен спорт на Општина Илинден
- Федерација на училишен спорт на Македонија
- Училишен спорт на Град Скопје

Активностите на планот на соработката со спортските друштва ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикне спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.

## Соработка од областа на спортот

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Активности | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Општински училишен спорт Илинден | 2025/26 година | Наставници по физичко и тандем натавници | Општински училишни натпревари | Достојно и успешно претставување ипостигнување на поголеми резултати |
| Сојуз на училишен спорт - Скопје | септември – јуни | Наставници по физичко и тандем натавници | Градски натпревари | Достојно и успешно претставување и постигнување на поголеми резултати |
| Денови за спорт на младите на Општина Илинден | јуни | Наставници по физичко и тандем натавници | Општински натпревари и елементарни штафетни игри | Социјализација и развивање на спортски дух |
| Федерација на училишен спорт на Македонија | септември – јуни | Наставници по физичко и тандем натавници | Државни натпревари | Достојно и успешно претставување и постигнување на поголеми резултати |

## Соработка со здравствени институции

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес, нашето училиште на овој план соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се:

- Здравствен дом „Автокоманда”, училишна медицина и училишна стоматологија
- Приватни здравствени установи во локалната средина
- Центар за социјални грижи
- Центар за јавно здравје

Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Активности | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на биохемиска лабораторија | декември | предметен наставик Александра Стоевска | Запознавање со физички појави | Продлабочување на знаење за физичките појави |
| Посета на амбуланта | октомври | Одделенски наставник | Запознавање | Продлабочување на знаење |
| Посета на стоматолошка ординација | март | Ученици од I одделение | Запознавање | Продлабочување на знаење |

## Соработка со медиуми

Соработката со медиумите игра важна улога во односите со јавноста. Како и секое современо училиште, нашето училиште има потреба од промовирање на својата работа и постигнатите резултати, за да ја информира јавноста за начинот на работење, поставените цели и постигнатите резултати. Преку оваа соработка, ученичкото творештво и постигнувања во различни области се обезбедуваат со можност за поголема промоција.

Планирана е соработка со различни печатени и електронски медиуми како МТВ, Сител ТВ, Телма, Канал 5, Алфа ТВ, МТМ, како и со списанија за деца и млади како Колибри и дневни весници. Наставничката Јованка Грозданоска е назначена како одговорно лице за контакт со медиумите, со соработници Емилија Стојановска, Драгица Апостоловска и Андриана Митевска.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на објавување | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** | | | | |
| Објавување на написи и лични творби (текст и слики) во списанијата : Колибри | во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации | Афирмирање на училиштето |
| **ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ** | | | | |
| Македонска телевизија во контактно – образовната емисија “Ѕвон” , Сител ТВ, Телма, Канал 5, Алфа ТВ | Денот на училиштето | Одговорни наставници и ученици | Забавни содржини посветени на патрониот празник | Промовирање на постигањата |

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Година 2025 / 2026 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| Следење на реализација на часови со примена на активна настава | октомври<br>ноември<br>декември<br>Февруари<br>март<br>април<br>мај | Директор<br>Психолог<br>Педагог | Посета на час<br>Разговор<br>Увид во дневни подготовки | Чек листа<br>Записник<br>фотографии | Осовременување на наставата | Директор | / |
| Евалуација на посетените часови на наставниците од одделенска и предметна настава | октомври<br>ноември<br>декември<br>Февруари<br>март<br>април<br>мај | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Претседатели на стручни активи | Анализа на посетените часови<br>Препораки за унапредување на дејноста | Чек листа<br>Записник од одржани состаноци | Професионален развој на наставниот кадар | Директор | / |
| Следење на реализација на додатна и дополнителна настава | ноември<br>декември<br>март<br>април<br>мај | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Стручни активи | Увид во записници од додатната и дополнителната настава<br>Посета на час<br>Статистички анализи | Записници<br>формулари за анализи<br>Листи за редовност | Подобрување на училиниот успех | Претседател на стручни активи | / |
| Евалуација на работата на стручните активи | декември<br>јануари<br>јуни | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставнички совет | Анализи и дискусии по извештаи од стручни активи | Записници<br>Анализи<br>Извештаи | Утврдување на подрачја за промени во наредната учебна година | Директор<br>Психолог<br>Педагог | / |

| Година 2025 / 2026 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задачи | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | Буџет |
| Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година | декември<br>јануари<br>јули | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Одделенски Наставнички совет | Статистички анализи на среден успех на учениците на полугодие и на крај на година | Формулари со статистички пресметки<br>Анализи | Подобрување на училишниот успех | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Комисија | / |
| Следење на реализација на Годишната програма | октомври<br>ноември<br>декември<br>јануари<br>март<br>април<br>јули | Тим за евалуација на годишната програма | Анализи на реализација на годишната програма | Анализи<br>Записници<br>Фотографии<br>Документи | Успешна реализација на Годишната програма | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Училишен одбор | / |
| Изготвување полугодишен и годишен извештај | декември<br>јануари<br>јуни<br>јули | Тим за евалуација на годишната програма | Анализа на работењето на училиштето | | Анализа на работењето | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Комисија | / |
| Увид во водење на педагошка евиденција и документација | октомври<br>ноември<br>декември<br>јануари<br>март<br>април<br>мај<br>јуни<br>јули | Директор<br>Комисии за педагошка евиденција | Прегледување на педагошката евиденција и документација | Записници<br>Извештаи | Запазување на законитоста во работењето<br>Утврдување на подрачја за промени | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Комисија | / |

## 24. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Година 2025/ 2026 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активности** | **Временска рамка (месец)** | **Носител** | **Начин на спроведување** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| Следење на реализацијата на годишната програма | Следење на компонентите и планираните активности | декември<br>јануари<br>април<br>јуни | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | Физички и човечки ресурси | Анкети<br>Извештаи | Реализирани активности според утврдената динамика | Претседатели на активи | / |
| Евалуација на реализираните активности | Анализа на активностите | септември<br>ноември<br>јануари<br>март<br>мај<br>август | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>БРО<br>МОН<br>ДПИ | Физички и човечки ресурс и | Анкети<br>прашалници<br>формални и неформални разговори | Успешно реализирани активности | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Претседатели на активи | Потрошен материјал |

## 25. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за работата на училиштето во учебната 2025/26 година е изготвена врз основа на Законски и подзаконски акти.

Акти кои се користени како литература се следниве: Закон за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми, подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите, правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.),

Годишен извештај за работата на основното училиште од претходната учебна година, извештај од интегралната евалуација, извештај од самоевалуација, извештаи за финасиското работење на училиштето и записници од Наставнички совет, Совет на родители, Ученички парламент и Училишен одбор.

## 26. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- Директор: Дарко Петковски
- Стручен соработник психолог : Татјана Н. Додевска
- Стручен соработник педагог: Кристина Ѓоргиевска
- Наставник по македонски јазик : Анкица Димитриевска
- Наставник по биологија и хемија: Александра Стоевска
- Одделенски наставник: Драгица Апостоловска

## Тимови по подрачја

| | |
|---|---|
| **I Тим**<br>**Габриела Младеновска – одговорна на тим**<br>- Милена Сарафимовска<br>- Дејан Димитријевиќ<br>- Лидија Николовска<br>- Елизабета Конеска<br>- Марија Зоксимовска<br>- Димка Б.Ѓорѓиевска<br>- Марко Симиќ<br>• **Точки од 1 до 6** | **II Тим**<br>**Ленче Крстевска– одговорна на тим**<br>- Ленче Крстевска<br>- Ана Симовска<br>- Фросина Кузева<br>- Сунчица Ј. Митровска<br>- Маријана Бошковска<br>- Марија Митрева<br>- Габи Николовска<br>• **Точки од 7 до 12** |
| **III Тим**<br>**Билјана Таниќ– одговорна на тим**<br>- Јаким Ристовски<br>- Влатко Најдовски<br>- Билјана Таниќ<br>- Сузана Крстева<br>- Јелена Савова<br>- Андриана Митевска<br>- Билјана Смилевска<br>• **Точки од 13 до 18** | **IV Тим**<br>**Емилија Стојановска – одговорна на тим**<br>- Радица Блажевска<br>- Јованка Гроздановска<br>- Сандра Мартиновска<br>- Марина Петкова<br>- Мерима Тушевска<br>- Елена Карагунова<br>• **Точки од 19 до 24** |

## 27. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Закон за основно образование.
- Нормативи и стандарди за простор,опрема и наставни средства за основно училиште во РСМ.
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работата на основното училиште.
- Концепција за воннаставни активности во основното образование.
- Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование.
- Правилник за организација и начинот на спроведување на дополнителна и додатна настава во основното училиште.